## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 18,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Бесим Догани.

Информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлексии по безбедносната состојба во Република Македонија овикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да започнеме со седницата.

Ги повикувам пратениците да влезата во салата и да ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници**,** ја отворам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Гарип Каба, Радмила Шекеринска, Силвана Бонева, Абдуладил Вејсели, Стојан Андов, Насер Ајдини, Благој Зашов, Славица Грковска, Лазар Китановски и Верица Филипова, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да ги заземете вашите места и да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 41 пратеник го искористи правото со системот да се пријави за присуство, би гизамолил пратениците да ги заземат своите места, а службите да не информираат за точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на 23 пратеници заради разгледување на Информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлексии по безбедносната состојба во Република Македонија.

Предлагам Предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлексии по безбедносната состојба во Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлексии по безбедносната состојба во Република Македонија.**

Отворам претрес.

Во смисла на договорот кој го имавме на координација се договоривме прв да земе збор предлагачот или претставникот на предлагачите, па после министерката за внатрешни работи.

Го молам претставникот на предлагачите да земе збор.

Но, пред да му дадам збор на господинот Спасовски, процедурално бара господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседател, со оглед на тоа што ќе се расправа за настанот што се случи вчера во близина на Танушевци и рефлексиите врз вкупната безбедносна состојба, мој предлог е на оваа седница да го повикаме да биде присутен министерот за одбрана, евентуално раководителот што раководи со Секторот за воено разузнавање. Исто така да го повикаме и директорот на Агенцијата за разузнавање, како и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, за да можеме изворно да бидеме информирани за вкупните безбедносни состојби, се со цел Парламентот после тоа да може да расправа и што е најбитно, на крај да донесеме заклучоци.

Воедно, предлагам после расправата или во текот на расправата, Комисијата за одбрана и безбедност да одржи седница каде можеби е добро да се усогласат заклучоците кои, се надевам, ќе бидат предмет на усвојување на Парламентот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Како прво, целиот владин кабинет и Претседателот на државата се известени и поканети на седницата. Не се поканети претставниците на службите кои вие ги побаравте.

Седницата е од итен карактер, затоа не побаравме комисиите да работат, но ако сакате тоа да стои како предлог, да го изгласаме, тогаш во ред, се согласувам да го ставиме како предлог на гласање. Ако настојувате по објаснувањето сепак ова да стои како предлог, тогаш повелете, изјаснете се.

**Павле Трајанов:** Видете, ние имавме една ваква расправа, расправавме врз основа на

информациите на Владата, односно Министерството за внатрешни работи и тогаш не донесовме никакви заклучоци.

Сепак, ако сакаме квалификувано да расправаме, треба да ги имаме предвид и другиет информации освен оние со кои располага Министерството за внатрешни работи. Нема да биде целосна оценката за состојбите во државата и можно е да донесеме заклучоци кои нема да бидат одраз на состојбите.

Затоа е мојата сугестија, мојот предлог да бидат повикани, поканети, да учествуваат во расправата со свои информации и на крај можеби многу полесно ќе се усогласиме околу заклучоците.

Инаку, предлог е Комисијата да расправа по евентуално предлог заклучоци кои полесно ќе ги прифати Парламентот, а не некоја посебна општа расправа да има таму. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Што се однесува до заклучоците, досегашната пракса е заклучоците да се договараат помеѓу координаторите на пратеничките групи. Друга е причината зошто ние до сега неколку пати не сме успеале да имаме заклучоци, но тоа ќе зависи од одлуката на координаторите на пратеничките групи и мислам така треба да остане. После расправата може да дадеме одредена пауза каде би им дале време на координаторите на пратеничките групи евентуално да договорат заклучоци за време не нивната координација.

Ако се согласувате со ова, тогаш има збор претставникот на предлагачите господинот Оливер Спасовски, повелете.

Господине Спасовски, сепак се извинувам, бидејќи господинот Јован Манасијевски со задоцнување, откако ви дадов збор, се јави за процедурално.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мојата интервенција е во насока, очекував вие тоа да го направите, оваа седница сепак да започне со давање почит на загинатиот припадник на Министерството за внатрешни работи.

Ве молам да пристапите кон тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Во ред, ви благодарам, ја прифаќам вашата забелешка. Пракса е секогаш да дадеме почит на загинати.

Затоа, во мое и ваше име ве повикувам со едноминутно молчење да му оддадеме почит на припадникот на Министерството за внатрешни работи.

(Со едноминутно молчење му се оддава почит на загинатиот)

Слава му.

Господине Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Навистина, искрено жалам што за период од месец и пол по втор пат ќе разговараме на ваква тема која придонесе уште повеќе со тоа што имаме уште еден загинат припадник на безбедносните сили на Република Македонија, уште еден полицаец и сакам во мое име да изразам сочувство до неговото семејство за трагично загинатиот полицаец.

Навистина е тешко да се говори кога пред месец и пол или поточно на 11 септември 2007 година исто така по барање на пратеничката група и дел од пратениците на Собранието на Република Македонија побаравме на итна седница да расправаме околу состојбите кои во тој момент се случија во Ваксинце, се со цел да можеме да разгледаме одредени состојби во Република Македонија, пред се на безбедносен план и од таму да произлезат заклучоци кои би биле насока во превенција на вакви состојби и случувања во Република Македонија, при тоа согледувајќи ги реално состојбите и фактите, но, за жал, седницата заврши без одредени заклучоци. Тоа се случи заради тоа што парламентарното мнозинство тогаш од таква позиција на реално утврдување на факти и влечење на заклучоци кои ќе придонесуваат состојбата во Република Македонија на безбедносен план да се стабилизира, туку едноставно и министерот за внатрешни работи во тој период, а со тоа и парламентарното мнозинство се согласија или жестоко ја промовираа идејата дека ова се пресметки на криминални банди, дека е случаен напад на полициска патрола во тој период, па се воспостави дека е некаква акција која е планирана итн.

Денеска повторно по немилиот настан што вчера се случи со напад на полициска патрола од Полициската станица Танушевци кога таа патрола службено ја обезбедуваше државната граница на Република Македонија, ни се случи втор инцидент за кој претходно имавме многу сигнали, имавме многу ситуации кои укажуваа дека во Република Македонија може да ни се случи повторно нешто кое сите ние веруваме дека не го посакуваме.

Најмногу од се искрено жалам што повторно тематаза безбедноста во Република Македонија која беше актуелна во одреден период кој е зад нас во Република Македонија, за кој сите ние се согласивме дека би сакале да го заборавиме, да ги унапредуваме процесите што значат уште поголема стабилизација и на Република Македонија и на регионот, повторно ја враќаме како тема која предизвикува општ интерес не само во Собранието на Република Македонија, туку и меѓу граѓаните на Република Македонија и повторно се враќа како едно значајно прашање кое ги засега граѓаните на Република Македонија.

Ова не може да се смета како изолиран случај, туку како случај кој е последица на дејствија кои се случуваа во меѓувреме во овој регион, дејствија кои треба да решиме одлучно дали ќе застанеме на патот на таквото нешто, дали ќе успееме да ја релаксираме состојбата и да ја ставиме под контрола и на крајот на краиштата

дали ќе можеме да гарантираме на граѓаните на Република Македонија дека ќе имаме безбедна состојба во Република Македонија во која нема да очекуваме во секој момент дека ќе може повторно да биде нападнат некој наш припадник на безбедносните сили или не дај Боже, да се случи она што се случи.

Многубројните изјави кои беа јавно давани во медиумите од страна на одредени групи или луѓе во Република Македонија во овој регион мислам дека недоволно сериозно ги разбраа структурите што се задолжени за стабилноста во Република Македонија или недоволно објективно ги изнесуваа и воСобранието и пред македонската јавност и со тоа уште повеќе се создава една конфузија и несигурност после вакви инциденти во кои ќе се објави дека имаме загинат припадник на безбедносните сили на Република Македонија.

На пратеничкото прашање на претходната седница кажав, сега ќе повторам, дека како последица на случувањата што ги имаме во овој регион, со сознанијата што се дури јавно презентирани по медиумите дека постојат одредени вооружени групи на територијата на Република Македонија, посебно на тој регион кој го напоменав на подрачјето на Танушевци и Гошинце, мислам дека Министерството за внатрешни работи недоволно преземаше мерки со цел ова да се спречи, да се локализира и со таквото премолчување се создава дополнителна можност за зачестување на ваквите инциденти, а со тоа директна порака како и на кој начин државата планира да се справува и да ја зајакнува безбедносната состојба во Република Македонија.

Ни малку беа наивни изјавите кои ги упатуваше Хоџа и другите луѓе кои се приврзаници на таква идеја. Уште еднаш се покажа дека таквата идеја не е без поддршка, не е на група криминалци кои бараат сопствена амнестија или нешто друго, бегството од затворите исто така уште еднаш се потврдуваат како силен аргумент дека се во функција на она што ни се случува во овој момент во Република Македонија.

Од тој аспект побаравме денеска сериозно да разговараме на оваа тема, да добиеме вистински информации и реални во Собранието на Република Македонија, заради тоа што и ние како пратеници и како институција заслужуваме информации кои треба да бидат достапни, а не информации кои можеме да ги слушнеме од медиумите, да разговараме реално и на крајот секако оваа дебата да се преточи во заклучоци.

Заклучоци кои што ќе придонесат ваквите состојби да ги преневираме, превентивно да делуваме, објективно да ја цениме состојбата на безбедносен план во Република Македонија и така структурите од МВР да делува, заради тоа што, не е доволно само да кажете дека работите според Уставот и законите, а секој месец да ви гине по еден полицаец и уште по неколку да имате ранети.

Од тој аспект, очекувам дека ќе имаме плодна дебата со реални инфорамции за состојбата на теренот во моментот, со реалните проценки кои што ги има министерот за внатрешни работи, во смисла на безбедносната состојба, не да бидат проценки кои што ќе се добијат со одредени дискусии од страна на пратеници во Паралментот, како што беше случајот со Ваксинце, кога после неколку часовна расправа бевме принудени да искажете одредени факти и податоци, кои што битно влијаеа во текот на расправата за текот на финализирање на оваа седница.

Од тој аспект, се водевме при поднесувањето на ова наШе барање за свикување на итна седница, затоа што сметавме дека сега е моментот кога ќе можеме навистина да ги ставиме работите на свое место и од утре, не само ние, туку и граѓаните нависитна да почувствуваат дека имаме сериозно зафаќање со работите во унапредување и стабилизирање на состојбата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор министерот за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе се обидам во воведното излагање да ги дадам информациите кои се релевантни за настанот од 24.10. 2007 година во реонот на Танушевци.

Имено, на 24.10,2007 година околу 12,30 часот, во атарот на селото Танушевци, кај месноста Друм, од страна на непознати лица е изврШен вооружен напад на три члена полициска патрола од Полициската станица за обезбедување на државната граница Танушевци која со теренско возило, со ознаки на гранична полиција се движела н алокалниот земјен планински пат што води од Гошинце кон караулата Кодра Фура. Патролата била составена од водич на патролниот тим и двајца полицајци, еднио тод Скопје, а другиот од Пробиштип, а како последица на нападот еден од полицајците од здобиените повреди починал, а останатите припадници на граничната полиција се тешко повредени и се наоѓаат на лекување во Клиничкиот центар во Скопје. Веднаш по дознавање за настанот преземени се мерки и активности од страна на овластени службени лица од Полициската станица за обезбедување на државната граница Танушевци, односно истите се упатиле на местото на настанот поради укажување на помош на повредените, а околу 13,00 часот кон наведеното место се упатил и еден вод од припадници од единицата за брзо распоредување од одделот за посебни единици при централните полициски служби, заради обезбедување на местото на настанот и полициската станица Танушевци, како и за укажување на помош на повредените полициски работници.

При тоа, иако не давал знаци на живот, тешко повредениот полициски работник со теренско

возило е пренесен во Ургентниот центар, каде од страна на лекар е констатирана смрт и неговото тело е предадено на обдукција, а за транспорт на другите двајца повредени, ангажиран е хеликоптер на Министерството за внатрешни работи, со 8 припадници на единицата за специјални задачи, кои од местото на настанот ги пренеле припадниците на граничната полиција ги пренеле во Ургентниот центар заради укажување на неопходната медицинска помош.

Потпретседателе ќе ве замолам ако може да создадеме услови да се сослушаме, бидејќи ...

**Бесим Догани:** Господине Бучковски јас сум на мислење дека министерката треба да се искаже, да каже што мисли, па после вие земете или збор или реплика па реагирајте, ве молам. Повелете госпоѓице Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Потпретседателе ако има услови за продолжување на седницата, јас би продолжила со излагањето.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам.

Значи, заради сериозноста на повредите, пренесени се во Клиничкиот центар во Скопје, каде што се констатирани тешки телесни повреди, односно кај едниот припадник на Министерството за внатрешни работи, констатирани се повеќе скршеници во пределот на градниот кош и десната потколеница, како и повреди во пределот на главата и тој се наоѓа во тешка состојба, додека кај другиот припадник на Министерството за внатрешни работи, констатирани се две прострелни рани и тој е надвор од животна опасност.

Инаку, за настанот се известени и претставници на Косовската полициска служба и од истите е побарано и од нивна страна да се преземат мерки за засилување на безбедносните мерки и за обезбедување на државната граница кон Косово.

На местото на настанот околу 17,40 часот извршен е увид од страна на екипа на одделението за крим техника на СВР Скопје, под раководство на истражен судија и заменик јавен обвинител, а во присуство на стеучни лица за антитероризам, вештото лице од одделот за крим техника од Министерството за внатрешни работи и обдуцентот за судска медицина.

Од местото на настанот подигнати се 11 чаури, еден нож со сечиво од 10 сантиметри, три автоматски пушки со рамки и куршуми, три заштитни елеци, три шлема и еден отпушок од цигара, како и траги од крв.

По наредба на истражниот судија, пронајдените траги се предадени во Судска медицина за вештачење, а увидот е завршен во 21 часот и 30 минути, со тоа што возилото дополнително ќе биде подигнато од местото на настанот, заради вештачење. Веднаш по ова во Ургентниот центар во Скопје од повредените е земена и дополнителна облека за вештачење, како и проектили, кои биле користени во нападот. На 25 е извшена обдукција на починатиот, при што е констатирано дека кај него има една рана и повреди на белодробното крило. Исто така, во текот на денот направени се дополнителни напори за подигање на возилото од местото на настанот, заради вештачење на истото, меѓутоа, поради непристапност на теренот, како и опасност од негово оштетување, активноста е одложена за наредниот ден. Воедно, завршено е вештачењето на пронајдените чаури и констатирано е дека сите се испукани од иста автоматска пушка. Покрај ова, во текот на денешниот ден во просториите на Клинички центар од страна на овластени службени лица на Секторот за внатрешни работи од Скопје е извршен разговор со еден од повредените, при што истиот појасни дека претходниот ден заедно со двајцата колеги од Полициската станица Танушевци се упатиле кон Кодра Фура, каде што има пункт на Граничната полиција. Движејќи се по патот легитимирале неколку граѓани што се движеле со патничко возило по лакалниот пат, а на враќање кон месноста Друм, 5 до 6 непознати лица извадиле автоматски пушки и почнале да пукаат врз возилото, додека тоа било во движење. Полицаецот кој управувал со возилото ја зголемил брзината со цел да се одалечат од местото на настанот и при тоа, изгубил контрола на возилото и со тоа возилото паднало во провалија.

По ова, еден од повредените забележал дека заедно со двајцата колеги се наоѓа надвор од возилото и по мобилен телефон побарал помош од Полициската станица во Танушевци, што практично е и првото пријавување на настанот.

Според првичните оперативни сознанија за можниот сторител на нападот врз полициската патрола, постојат повеќе можности, од кои една е да се работи за криминално шверцерска група која егзистира од двете страни на границата и тие укажуваат дека во претходнио тпериод, криминалната група користела различни а нсилнички средства и методи за непречено одвивање на илегален шверц преку државната граница.

Имено, шверцот со активна стока и дрва преку државната граница со Србија, на делот кон Косово, во двете насоки е евидентиран во Куановско Липковскиот регион и се спроведува со користење на возила, но и со користење на животни за пренос на стоката. Во зависност од вредноста на товараот има случаи кога лицата кои го придружувале товарот имале вооружување.

Лицата кои се непосредно вклучени во илегален шверц се потпомогнати од поединци, кои најчесто се ангажирани во поглед на набљудување на движење и активности на граничните патроли и полициските сили кои се наоѓаат во близината на државната граница.

Со оглед на тоа дека лицата и групите кои се вмешани во недозволена трговија и шверц преку државната граница се вооружени, криминално шверцерските групи заради заштита на стоката која ја шверцуваат во одредени случаи користат и

огнено оружје, што на некој начин е провокација кон припадниците и објектите на граничната полиција на Република Македонија.

Ако се навратам на претходниот настан во контекст на воведното излагање на предлагачот на точката на дневен ред, во однос на состојбите во поширокиот регион во Кумановско Липковскиот регион и понатаму состојбата останува непроменета и во тек се правните процедури за екстрадиција на лицето Заим Алили кој бил ранет во вооружен напад врз патрола на полицијата ноќта помеѓу 12 и 13 септември во близина на село Ваксинце.

Министерството за внатрешни работи и понатаму континуирано ги следи сите активнсоти и состојбите на подрачјата лоцирани во близин ана границата во делот  кон Косово, поради можноста овие инциденти негативно да влијаат на целокупната состојба во Република Македонија и во регионот.

Врз основа на сите до сега обработени аналитички податоци и следењето на безбедносните индикатори и согледувањето на поширокиот контекст на состојбите на Балканот, може да се оцени дека безбедносната состојба во Република Македонија останува непроменета.

Имено, не постојат утврдени индикатори за дирекна закана и посериозно нарушување на безбедноста на стабилноста. Но поради интензивираните активности на Министерството за внатрешни работи во сузбивање и попречување на недозволена трговија и шверц преку државната граница со Косово, повремено се присутни поединци и групи, што се занимаваат со недозволена трговија и шверц со акцизна стока и дрво, кои извршуваат насилнички напади во пограничниот регион.

Потпретседателе јас тука ќе завршам со воведното излагање. До колку има дополнителни прашања понатаму низ дискусијата ќе ги одговорам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитувана министер за внатрешни работи, колешки и коелги пратеници,

Дозволете најпрвин да изразам сочувство до семејството на загинатиот бранител припадник на безбедносните сили на Република Македонија. И да изразам жалење и да го осудам инцидентот кој што се случи и во кој што има двајца ранети, исто припадници на нашите безбедносни сили.

Не можам  а да не прокоментирам она што го слушавме до сега од минситерката за внатрешни работи, а тоа е министерката за внатрешни работи го прочита билтенот на Министерството за внатрешни работи, кој што имавме прилика да го чуеме од новинарите и имавме прилика да го симнеме од веп страницата на Министерството за внатрешни работи.

Морам да признаам дека многу поголем дух вложува во париските соопштенија што ги праќа Министерството, а тоа ќе го цитирам во понатамошниот дел од мојата дискусија. Не за џабе, во Уставот на Република Македонија член 97 со органите на државната управа од областа на одбраната и полицијата, раководат цивилни лица кои непосредно пред изборите три години биле цивилни лица. И не за џабе тие министерства ги водат политички именувани лица, за да дадат политичка тежина, кога ќе се случат вакви работи. Срамотно е денеска информацијата од Владата на Република Македонија да се сведе на Билтенот на Министерството за внатрешни работи, што целокупната јавност денеска имаше прилика да го чуе и да го прочита.

Собранието, како единствен контролор на Владатам како механизам, институт, како механизам за политичка контрола на Владата има право да бара од Владата информација што се случува во Република Македонија. Владата да даде политичка оценка за тоа што се случува во овој момент во Република Македонија. Дали, имало опушок од цигара најден во тревата, е апсолутно, илеревантно и навредувачки како информација за институција, како што е Парламентот.

Мислам дека парламентарното мнозинство  со масовното напуштање на салата за време на дискусијата на министерката, јасно и покажа на што личи ваквиот нејзин настап.

Минатиот пат кога се обидовме да зборуваме за ова, повеќе дофрлувавте, повеќе се смеевте, не ми е утеха што сте сега малку помирни и малку позагрижени, затоа што оваа работа и оваа држава е на сите и на позицијата и на опозицијата. И се додека позицијата толерира ваков однос спрема Собранието, не единица, минус единица ќе ни стават тие што оценуваат колку сме кадарни во кризни ситуации да знаеме да ги менаџираме проблемите.

Јас ќе зборувам од два апсекта зошто и за политичкиот амбиент за кој што се случи, за жал, уште еден трагичен инцидент.

Јас не сум пророк да кажам дека ако на 11 септември ги усвоивме заклучоците, ова сигурно немаше да се случи. Но сум убеден дека 90% имаше шанси ова да не се случи. Затоа што кога ќе толерираме одредени појави и не ги повикаме на политичка одговорност, тогаш мислиме дека така треба, дека можеме да се занимаваме со друго, или можеме да сија вршиме партиската работа.

Веројатно, нема во светот пример најголемата партија, која е во Владата во овој момент, во овој момент нема ни еден потпретседател, нема генерален секретар. И тоа зборува како ние ја сфаќаме политиката и во која насока знаеме или можеме да ги менаџираме односите во една држава.

На 26 август, кога беше инаугурацијата на Владата укажувавме, се обидовме, не осуди јавноста дека зборувавме два дена, не осудија и пријателите. Но сепак, денес од оваа гледна точка

сме биле во право, тогаш зборувавме менаџирањето на политичките жешки теми не е лесна работа, не се прави преку ноќ, и не се прави со кампањи за привлекување на странски инвестиции. За жал, и не сум ни малку среќен зашто сме биле во право тогаш.

Кој е политичкиот момент денес во кој што зборуваме? Тоа е односот во коалицијата, еден, и односот и работата на министерот за внатрешни работи. Многу е симптоматично или преслучајно делува дека оваа заседа или овој инцидент во Танушевци се поклопува по втор пат со кризата во коалицијата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. При претходниот инцидент во Танушевци господинот Мендух Тачи го обвини Груевски и Владата дека е "детски вртиќ", го цитирам господинот Тачи, па потоа мораше Владата преку Сител да врати со дисквалификации на партијата ДПА.

Сега кога целокупната јавност, не само македонска туку и европска, очекува и бара, и коалиционите партнери тоа го бараат заменик министерот за внатрешни работи да поднесе оставка или да биде сменет, ДПА враќа со барање за интерпелација за министерката и во едни такви услови на критична ситуација, не на заладување, во најжежок момент, мислам во односите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА ни се случува ова. Затоа не можеме, а од Владата - тука министерката е претставник - од Владата неодговорно да не позборува овде за политичкиот амбиент во Република Македонија, да ги смири пратениците, да ја смири јавноста. Тоа е улогата на една политичка Влада. Портпаролот Иво Котевски си ја врши работата одлично, ама тој е портпарол. Ние очекуваме од Владата овде да даде политички тон што се случува во Република Македонија, дали овој инцидент може да изроди нешто друго или да не останеме на недонесени заклучоци, да мислиме дека исто како на 11 септември тоа е изолиран инцидент на шверцери со животни, како што слушаме денес дека имало со акцизна стока, и потоа не дај Боже тоа да ни се повтори и понатаму. Затоа, политичките односи од фазата на заладување кои преминаа во точка на вриење не можат да не бидат тема и не можат да бидат избегнати од политичка оценка во овој момент. Пресериозна е работата, одговорноста е преголема.

Во овој момент имаме ситуација кога од министерот за внатрешни работи едниот коалиционен партнер бара интерпелација, а за заменик министерот за внатрешни работи еден од коалиционите партнери во Владата го поддржува барањето за интерпелација или за смена.

Затоа, граѓаните се прашуваат зошто и до кога вака. Зошто пресметките во коалицијата ќе бидат позначајни од извршувањето на секојдневните задачи за кои сме платени. Од друга страна, министерот за внатрешни работи се обидува целата работа да ја релативизира, кон сите предупредувања да гледа со иронија, а за себе да мисли дека граѓаните нејзината работа ја оценуваат со висока оцена. Јас не знам дали таа висока оценка ја дале родителите чии деца беа во "Процес", дали таа оценка ја даваат припадниците на безбедносните сили, дали таа оценка доаѓа заради настаните во Ваксинце, Танушевци или пак таа оценка ја дале камерманите во Република Македонија заради настаните на наплатната рампа Желино. И наместо да добиваме одговори, наместо парламентарното мнозинство да собере храброст и да погледне реално што се случува во Република Македонија и да побара политичка одговорност, бидејќи живееме во иста држава и никој нема ќар од ова што се случува, ние мораме да читаме во интервјуа дека полицијата ја контролира територијата на цела Република Македонија во целина, дека се изолирани инциденти со криминална заднина со кои Министерството се справува и во полициска смисла на зборот се затворени случаи. Кога министерот за внатрешни работи вака зборува во медиумите, тогаш мораме да побараме одговорност кој ја информирал министерката за да може да даде ваква изјава, каде се безбедносните структури, оние што треба да информираат, да предупредат, оние што мораат да водат поактивна политика. Зошто вакви информации се пласираат на министерката, па таа многу комотно во своите интервјуа да зборува за затворени случаи на изолирани инциденти во пределот на Танушевци.

Од друга страна, во Министерството зошто имаме нарушена безбедносна ситуација е, според мене, апсолутно, партизацијата на безбедносните структури. Најголемите професионалци се поместени од своите работни места, многу професионалци кои ги поминале европските обуки се тргнати од своите места, се импровизира со натрушници во безбедносните системи и со луѓе кои мислат дека тоа е криминален филм што го гледале на некои од телевизиите. Затоа ни се случува човек што кршел кутии на изборите да биде поставен прво за заменик командир на полициска станица, па потоа на пратеничко прашање кога ќе го поставиме истиот ден да биде префрлен во Алфите, ама не се спаси камерманот од Алсат, па налетал на истиот човек. Покрај партизацијата на безбедносните структури, втора една причина зошто ни се случува сето ова е водењето на чисто партиска политика на министерката.

Јас реков, ако го споредам денешното излагање од информативниот билтен на МВР со соопштенијата што ги испраќа кон политичките опоненти, ќе се согласите дека денес беше пресувопарно, суво и ништо немаше кажано. Еве како изгледа едно соопштение од Министерството за внатрешни работи: Во име на Министерството за внатрешни работи сакаме да го пофалиме Јани Макрадули, кој што конечно по еден месец успеа да го прочита Законот за кривична постапка, или: искрено жалиме за фрустрираноста на СДСМ од честата изложеност на јавен потсмев, ги разбираме фрустрациите што произлегоа од пред конференцијата, го каниме пратеникот да присуствува на утринските брифинзи на медиумите во Министерството и убедени сме

дека така ќе ја избегне и вчерашната најнова бламажа.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Макрадули, немојте лично да ги поврзувате работите.

**Јани Макрадули:** Не, министерката додека пишува вакви соопштенија, во заседа паѓаат нашите припадници на безбедносните сили, тоа е проблемот. Се занимаваме со вакви соопштенија, се наслaдуваме на опозицијата со вакви соопштенија, а нас луѓе ни паѓаат во заседа, нас луѓе ни гинат. 10 септември не беше доволно, па се напишаа нови вакви соопштенија, нови отровни стрели беа фрлани кон опозицијата. И што имаме? Нов трагичен настан.

Кој е моментот кој што нас ќе не прекрши, или кој е моментот кој што ќе го прекрши парламентарното мнозинство дека не одат работите така како што кажува некој од скапо платените владини кампањи. Не одат работите добро за Република Македонија, не го пишува извештајот на Европската комисија опозицијата. Кој е тој момент кога ќе сфатиме дека извештајот за напредокот на Македонија го пишуваат луѓе што не мониторираат, луѓе што гледаат, луѓе што не читаат само владини или провладини кампањи, луѓе кои што анализираат. Ние на 11 септември побаравме одговор кои се обврските на Македонија после потпишувањето на договорот со КЕФОР. Кои се реципроцитетните мерки што треба да се распределат, или информации. Кое е решението на низа инциденти што настанаа во безбедносните структури. Зошто затаија тајните служби во нашата држава со информации дека нешто се случува. Или пак она што го слушнавме дене, се знаело дека имало шверц на акцизна стока со животни и нашите така затоа се решиле во еден џип да се возат, ни дали е поведена безбедносната постапка, има многу отворени прашања, некои ги отвори колегата Оливер Спасовски, која е границата до која одат, која е таа критична точка од која мора да се вратат.

Да размислиме, зборуваме за Република Македонија. Никој не може да излезе среќен или победник од оваа работа, сите сме поразени. Час поскоро ако сфатиме сите дека мора нешто да менуваме, мора да менуваме во пристапот на менаџирање на проблемите, тогаш полесно ќе биде за сите нас, за сите што живеат во Република Македонија. Инаку, и овие заклучоци денес нема да поминат можеби, парламентарното мнозинство можеби нема да оцени тека треба политичка одговорност на структурите во Министерството за внатрешни рботи, дека е се исто што коалиционите партнери си бараат меѓусебно интерпелација на министерот за внатрешни работи и заменик министерот за внатрешни работи и дека тоа е нормално и така 20-тина дена може да се живее, дека тоа не се рефлектира по вертикала на безбедносните структури. Си мислиме дека е така нормално. И така мислите дека ќе продолжиме? Мислам дека ова е критичен момент, настанот во областа Танушевци, има можни и сериозни рефлексии по безбедносната ситуација на Република Македонија бидејќо е втор во Танушевци што се случува инцидент, а втор за жал што се повторува, напаѓање во заседа на наши припадници на безбедносните сили. За еден месец ќе се согласите дека е премногу. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Дали некој од пријавните е за реплика?

Реплика има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе. Лично го слушав внимателно господинот Макрадули кој што се потруди на сеопфатен начин да ја докажува симбиозата или политичкиот соживот, која се основа врз луѓето кои манифестираат во нашето општество криминални дејствија. Но јас би сакал да реплицирам само во еден дел, затоа што тој спомена имиња кои овде не се присутни. Затоа јас нема да спомнувам имиња на лица што не се присутни овде.

Зборот интерпелација, се вели дека ние бараме интерпелација од министерот за внатрешни работи. Не знам од каде ова убедување и оваа информација дека ние сме побарале интерпелација од министерката за внатрешни работи. Но јас би сакал да констатирам и да ви поставам едно прашање. За време на активностите на Собранието дали се согласувате вие да има надвор од ова Собрание луѓе со калашников, дали се согласувате да има неформални луѓе во Собранието кои на директен начин физички ги напаѓаат новинарите. Ова треба да се објасни, кои се овие луѓе, од каде доаѓаат овие луѓе. Можеби вие подобро ги познавате затоа што тие луѓе ги полнеа кутиите и работеа за Црвенковски. НО соживотот што го имате вие со тие луѓе ви ведувам дека ќе биде многу краток, затоа што секој ден се повеќе и повеќе има активности кои излегуваат на виделина, што заедно заеднички ги вршите со вашите партнери, што е една синхронизација, една симбиоза, мноту аранжирано штоп вие заедно со ДУИ ја правите. JАс се чудам зошто директно не кажувате за работите што се знаат и сите ги знаеме. Што се однесува на случајот, кога ќе земам збор ќе кажам повеќе.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Во контра репликата ќе се осврнам на два дела. Три дена во медиумите пишува за барањето за интерпелација од ДПА од министерката за внатрешни работи, еве ги има весниците тука и да не ги покажувам, и во вчерашен Утрински весник, во денешен Дневник.

Второ, СДСМ ги осуди сите инциденти во Собранието и надвор од Собранието и затоа СДСМ сака да работи Анектната комисија за да се дојде до вистината. СДСМ го осуди нападот и

на новинарот на А1, и инцидентот овде во салата, го осуди и нападот на новинарот, на камерманите на наплатната рампа Желино и сакаме да се расчисти надвор, дали биле или не биле припадници на ДПА околу или припадници на ДУИ околу Собранието. Затоа сакаме анкетната комисија да работи за да се дојде до вистината Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, министерке, почитувани колеги пратеници и пратенички,

Најпрвин би сакал денешната расправа да кулминира конечно со донесување заклучоци каде што најпрво ќе ги осудиме сите обиди за дестабилизација на Република Македонија и сите обиди каде што Република Македонија во пресред на решавањето на финалниот статус на Косово ќе биде колатерлана штета, а второ, сите заедно ќе го осудиме досегашното неодговорно однесување на Министерството за внатрешни работи.

Според мене може денешната расправа да помогне во два правца.

Прво, да констатира дека дел од процесите кои се случуиваат околу Македонија не ни одат во прилог на нашите заложби да продолжиме со промовирањето на Македонија како модел на функционирање на една продуктивна мултиетничка заедница која може да биде евентуален модел и за функционирањето на иднииот статус на Косово, и

Второ, мора да признаеме дека партизацијата на Министерството за внатрешни работи не доведе до ова дереџе каде што сите предупредувања од страна на опозицијата и дел од демократската јавност беа сваќани како евентуална брана против т.н. борба против корупција и организираниот криминал.

Ми пречи тоа што во недостаток на граброст да се соочиме со реалноста, ќе пуштиме некои од помалите коалициони партнери, како што вчера го жртвувавте, кој мислам дека и самиот ја прифаќа таа улога, колегата Павле Трајанов да биде одговор на сите отворени прашања, па да излезе така од ракав да го даде првото официјално соопштение пред да го чуеме Иво Котевски дека да, ова мирида на опозицијата и дека веројатно ова го прави опозицијата, бидејќи ДУИ пред се, а и СДСМ се загрижени за тоа што Македонија ќе добие позитивен извештај од Европската комисија. Значи прво да не се лажеме, тоа е прво и укажување кон колегата Трајанов, извештајот за Република Македонија е готов, тој ќе биде презентиран на 7 ноември.

Имало, или немало напад кој за жал вчера се случи, тој извештај, за жал ќе значи уште една изгубена година за Република Македонија. Значи,нема напредок на Република Македонија во приближувањето кон Европската унија. И, она што мене повеќе ме плаши дека значи и оддалечување и кон нашите аспирации да стане полноправна членка во НАТО. Значи, нема потреба ако не сте подготвени вие министер Јанкуловска, или премиерот некој треба да ја соопшти реалноста на граѓаните на Република Македонија. Ние се наоѓаме во исклучително чувствителен период за разврската која Република Македонија ако не биде подготвена може наместо да биде решение од проблемот да ја направи да биде еден од проблемите кој треба да се реши. Начинот на кој вие го разбирате проблемот го дефиниравте пред нецелли 10 дена. Значи, за вас нема никаков проблем, се е не како што рече колегата Јани Макрадули, согласно Уставот и законите, туку вие милувате да кажете: безбедносните индикатори не упатуваат на тоа дека има безбедносни закани за Република Македонија. Жалосно е што на секои 45 дена, се плашам дека тоа ќе биде и во покус временски период. Но, за мене веќе не е и релевантно колку долго вие ќе останете министер за внатрешни работи. Тоа е проблем на вашиот претседател на Владата. Евидентно е дека вие немате контрола не на Министерство за внатрешни работи , немате контрола на безбедносната ситуација во Република Македонија. Тоа треба да не загрижи сите нас, не само да го загрижи СДСМ, ЛДП, слободните демократи, Неждет Мустафа, независниот пратеник Есад Рахиќ, или тие што седат од левата страна, вклучувајќи ја Демократската партија на Турците. Треба да не загрижи сите нас кои седиме во оваа сала, бидејќи ние имаме задача да вршиме демократска контрола на работата на Министерство за внатрешни работи. Најлесно е да кажеме како вчера господинот Трајанов: треба решителна операција на полициските и армиските сили. Ако претендира колегата Трајанов да биде Врховен командант, секоја чест, но мислам дека тоа нема да го реши проблемот. Проблемот е многу поширок, ниту е проблемот ДУИ, ниту е проблемот ДПА, ниту е проблемот евентуалноит независен статус на Косово. Проблемот е кај нас. Ние немаме капацитет да се соочиме со реалноста, а тоа е дека во овој момент треба да имаме полн капацитет и да имаме поддршка од сите политички субјекти во Република Македонија во нашите намери. Република Македонија одлучно на сите да им кажеме не смее да биде монета за поткусурување, никако не смее да биде колатерална штета во намерите од едната страна на косоварите уште на 10 декември да станат независна држава и од друга страна што е исто така легитимно на Србите сето тоа да добие еден дополнителен рок каде што би се постигнал консензус. Јас не гледам во овој момент дека Министерство за внатрешни работи и нашата Влада има јасен концепт како Република Македонија треба да се справи со овие предизвици.

Како прво, најмалку што може да направите после инцидентот во Ваксинце е да ја подигнете готовноста на полициските сили, бидејќи сте вие одговорни за безбедноста на границите кон Република Македонија. Не е потребно само да потпишете дополнителна спогодба, или анекс на

договорот кој претходно го имаше Армијата на Република Македонија со КФОР, туку сето тоа треба да го напрвите да биде ефективно. Од наша страна е потребно да бидат исклучени сите ризици по животите на припадниците и на полицијата. Тоа значи дека досегашните патроли кои биле условно речено во џиповите Ландровер треба да бидат заменети со посоодветни средства за пренос на нашите полицајци да не бидат изложени на вакви опасности во престрелка. . .

Ако некој се срами што говори на телефон е една работа, некој ако се срами од министерката за внатрешни работи тоа треба јавно да го каже.

Цветко, повели, ако ти имаш дефиниција што се случува на границите на Република Македонија пред се со Србија на потегот со Прешевската долина и на потегот како што велиме на границите со Србија, каде што е автономната покраина Косово и Метохија, можеш да говориш од говорницата. Но, ако го кажа тоа за тебе колешката, ако е експерт и за ова, женски беше гласот, не беше твојот, не го упатувам ова кон тебе. Но, бидејќи ти се јави како сведок да кажеш кој вели: срамота.

**Иван Анастасовски:** Продолжете колега по темата.

**Владо Бучковски:** Срамота е колеги пратеници ако по втор пат за 45 дена говориме само 6 часа и да немаме политички заклучоци кои ќе бидат обврзувачки за Владата. Нема да ве амнестира тоа што во овие клупи каде што треба да седи Владата седи само условно речено формално првиот човек на Министерство за внатрешни работи. Сите знаеме дека госпоѓицата која седи во овие клупи всушност не го претставува ниту Министерство за внатрешни работи, ниту Владата во овој сектор. Затоа е недопуштено во ваква ситуација овде да не биде претседателот на Владата. Потценувачки е ваква дискусија да ја водиме со присуство само на еден член на Владата. Ние може да говориме и да даваме продуктивни предлози кои одат во прилог на тоа да постигнеме единство кон прашањето како Република Македонија треба да го дефинира својот официјален став околу провокациите кои ќе пристигаат и од едната и од другата страна. Јас ви тврдам дека вчеашната избрзана изјава и на колегата Трајанов и шпекулациите кои беа продуцирани од Министерство за внатрешни работи одат во погрешен правец. Јас ви тврдам дека до таканаречената месност Друм полесно се стигнува од друго место, а не од Косово. И ако вие сакате да ја тераме целата работа кон тоа за се дежурни виновници да бидат Косоварите, Албанците, во овој момент ДУИ, или утре ДПА, ја испраќате пораката на погрешна адреса. И дека ќе ви забележуваат тоа што отворено ви го кажуваат и тие што сакаат да и помогнат на Република Македонија, дека не може да сфатат кој е нашиот официјален став. Велиме дека во овој момент Република Македонија ќе направи се да биде изнајдено решение за финалнот статус на Косово. Официјално тврдите дека статускво ситуацијата е најлошо решение за Република Македонија. Не гледам дека било што правите Република Македонија да биде продуктивна во изнаоѓањето на решението, а не да биде поле, или да биде полигон каде што ќе се пресметуваат едните, или другите да докажат кој е во право. Јас ви тврдам дека грешевте и пред 45 дена, грешите и денес, ако верувате дека ситни шверцери, или криминалци кои сакаат да протурат две, три штеки цигари, или неколку конвои со акцизни стоки, се проблемот што го има Министерство за внатрешни работи. Тоа говори дека вие всушност не го раководите секторот, или дека директорот кој треба да ви помага намето да се бави со тоа, повеќе се бави кој од левата страна побрзо ќе дојде во списокот на егзекуција во тн., борба против криминалот и корупцијата отколку да ги штити интересите на Република Македонија. Во овој момент почитувана министер Јанкуловска СДСМ можеби погрешно го разбира духот на правото, но дефинитивно вие не разбирате на чело на каква институција се наоѓате. Вие реално можеби имав погрешна квалификација за госпоѓате Бонева кога реков дека е изгубена во вселената. Вие веќе подолго време сте изгубена во вселената и не знаете што ви се служува. За жал, цехот го плаќа Република Македонија со два животи на припадници на полицијата, со неколку ранети. Се плшашам дека ќе имна уште жртви ако вие не сфатите што се случува. Значи, во овој момент не знам што прават другите, но знам дека вие без информација на Парламентот имате раздвижување на полициските сили во текот на вчерашното попладне и цел ден извесно е дека полицијата на Република Македонија пренесува специјални единици на потегот Куманово, Липково. Деблве, Кодра Фура, Танушевци. Се плшам дека во ситуацијата во која се наоѓате обземени самите со себе без реална претстава што се случува можете и понатаму да влегувате во вакви замки и во вакви заседи.

Може ли овој што седнал во групата на ДУИ да го вратите на своето место.

**Иван Анастасовски:** Немате потреба вие со поединци. Продолжете со расправата. Кој каде сака нека седи. Тоа нема врска. Јас ќе ги предупредам за тоа што се малку побучни. Вие не се вознемирувајте за тоа кој каде седи. Продолжете со расправата.

**Владо Бучковски:** Господине потпретседателе, сметам дека бидејќи вие доаѓате од Куманово, а ова што се случи е само на 17 километри од Куманово сфаќате што се случува на границите со Република Македонија. И сфаќате дека она предупредување што го даде за жал претседател од една соседна држава, требаше да го чуеме од министерот за внатрешни работи. Значи, проблемот на Македонија е тоа што има најмалку 3 невралгични точки кои се вон контрола на Министерство за внатрешни работи.

Едната е на потегот Деблве Танушевци, Кодра Фура.

Втората точка е на падините на Попова Шапка на потегот Вејце, Бродец кон границата со Косово.

И третата точка, за жал е Тануше на тромеѓето меѓу Македонија, Албанија, и Косово. Жалосно е повторно ловџиите да бидат поревносни граѓани на Република Македонија и постојано да предупредуваат дека имаме несакани гости. Тие ниту се припадници на ДУИ како што сакате да кажете, ниту се припадници на ДПА. Тие се овде со задача да ја дестабилизираат Македонија, преку дестабилизацијата на Македонија да се остварат некои други цели. Дали едната варијанта да биде забрзано решавањето на финалниот статус на Косово и уште на 28 и 29 ноември имаме независно Косово, или наместо на 10 декември да биде завршен периодот од 4 месеци за решавање на статусот, да имаме уште дополнителни 4 месеци. Значи, нас не ни треба госпоѓа Јанкуловска да собираме поени за СДСМ. СДСМ собра поени толку колку што има, нешто собра и ЛДП, собраа и независните пратеници. Извесно е дека вие имате најмалку дупло поголема поддршка кај граѓаните на Република Македонија во овој момент. Но, имате 100% одговорност да ја контролирате состојбата во Република Македонија. А во овој момент имам впечаток дека ние имаме 75% повеќе загриженост за состојбите во Република Македонија отколку вие. Соодносот е 3:1, во споредба со она што го имаме како реална моќ. И затоа овој наш обид повторно да ве вратиме на оние заклучоци пред 45 дена ништо повеќе не бараме од вас. Бараме редовно да не информирате, бараме ако треба да се организираат и затворени седници на Собранието каде што ќе ги размениме информациите, каде што нема да има избрзани изјави како што ги даде еден претставник од владеачкото мнозинство. Најдобро е да ги обвиниме тие што не се овде, ДУИ е виновен за се, демек ако нешто лошо се случи, тоа е ДУИ, ако не ви е доволно ДУИ ќе речете, тоа СДСМ го даде како задача на нивните марионети ДУИ тоа да го направи. За жал, ќе речев за среќа, ако е така, ќе ја отповикаше командата некој што ја дава од опозицијаа и Македонија ќе беше безбедна и стабилна. Но, во овој момент во Република Македонија немаме безбедносна состојба која ни гарантира дека во клучниот период ќе влеземе релаксирани и дека ќе може да се посветиме како прво, на реформите кои не чекаат во судството. Како второ, да ги поддржиме сите закони од европската агенда. И како трето, конечно да изнајдеме модус како може позицијата и опозицијата да најдат заеднички јазик и да бидат продуктивни. Во овој момент, за жал, некои работи се наметнуваат како приоритет над приоритетите. Затоа приоритетот број 1 на Владата на Република Македонија беше, велам, беше затоа што ја пропушти таа можност да ни даде објективна информација дали е точно она што го говори колегата Спасовски, што не го кажува тој, затоа што е дел од оние 8-мина, спомнувам 8-мина кои за жал се одговорни за контролата на границата и на потегот кон тој фамозен Сопот и кон тоа фамозно Деблве и кон таа фамозна Прешевска долина и кон тоа фамозно Косово. Жалосно е што треба некој да загине, па вие да дадете наредба да пратите 200 специјалци кои се кријат во Кодра Фура, затоа што немате доволно информации на теренот дали може како што вели колегата Трајанов да го исчистат, или да не го исчистат. Би ве предупредил нека не го чистат додека не ги соберете сите информации, затоа што дефинитивно вие не го контролирате овој ресор, затоа што дефинитивно не критички ги примате сите пријателски информации кои ги добива и Армијата и Генералштабот, кои за жал можам да признаам уште еднаш ќе повторам за жал, во овој момент не е одговорен за контролата на границата, туку е одговорно партизираното Министерство за внатрешни работи, партизираната полиција што вие ја водите не може да одговори на овие задачи. Ни треба многу поголемо ниво на безбедносна култура, многу поголемо ниво експертско знаење и многу поголемо ниво на размена на информации да се справиме со овие предизвици. Република Македонија во овој момент е посочена како слаба точка каде што може и едните и другите, но се плашам и третите и четвртите дека ќе се обидат да си ги мерат силлите пред евентуалната разврска која за жал нема да биде после 10 декември. Се надевам дека и овие наши денешни критички опсервации кои не се насочени директно кон вас, веќе не ни е битно што се случува со вас и со вашата функција. Битно ни е како Владата на Република Македонија ќе ги координира сите активности и како нема да влезе во замката кој некој ни ја подготвува. Бидете свесни дека се вложени и многу средства и многу енергија и многу задкулисно се игра зад грбот на Република Македонија за да некој да дозволи сега, условно речено да рече, заради тоа што на 7 ноември Република Македонија треба да добие извештај, ние ова ќе го правиме. Не, туку затоа што на 10 декември нешто требаше да се случи, но нема да се случи. На територијата на Република Македонија е можно да се експериментира и да се спроведуваат многу сценарија. Ако вие не понудите минимум доверба и минимум толеранција во нашите опсервации, мислам дека многу тешко ќе се справите со проблемите пред кои е исправено и вашето Министерство пред кои е исправена Владата, но пред се пред кои е исправена Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи има повеќе пријавени, кој од пријавените е за реплика? Само двајца.

Ќе одиме по редоследот на пријавените на монитор.

Повелете, три минути реплика пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Навистина има многу работи кои што би сакал да ги кажам, но во три минути не може да се собере се. Затоа ќе бидам пократок во мојата дискусија. Мислам дека дискусијата на колегата Бучковски

беше нависстина квалитативно подобра од онаа на неговиот колега Макрадули и Спасовски. И мислам дека кај него има многу повеќе и политички сенс и политичка имагинација и проценка на состојбите. Затоа и се решив да реплицирам. Но, исто така, има и многу погрешни премиси, многу погрешни тези и обвинувања кои што имаат дневно политички карактер. Јас ќе спорам само со еден мал сегмент од она што го кажа, а тоа се темели врз следново: дали има некој кој што сака да ги загрозува животите на нашите полицајци, независно дали се во полициските станици или во граничната полиција? Апсолутно да, има некој кој сака да ги загрозува животите на нашите полицајци, независно кои се мотивите. Дали се криминални мотивите, дали се некои поинакви, очигледно некој сака да ги загрозува нивните животи.

Дали постои држава, дали постои институција или структура што може да го избигне тој ризик? Апсолутно не. И земји кои се во поповолно опкружување отколку Република Македонија, во делот на нивните граници, каде имаат крининални групи, навистина тешко ги избегнуваат тие проблеми. Погледнете ја границата на САД кон Мексико. Таму имаме сателити, огромни сили, врвна техника, итн, и има инциденти од овој карактер. Погледнтете ја границата на Шпанија кон Мароко што е исто проблематична граница. И таму има инциденти од ваков карактер.

Јас не сакам да ги минимизирам работите тука или да повлекувам паралели. Мислам дека тука состојбата е посензитивна, но не постои, не постои структура, не постои организација или било што што ќе може да ги избегне ризиците какви што ние ги имаме на нашата граница.

Затоа мислам дека не е во ред да кажувате дека ваквата или онаквата посавеност на Министерството за внатрешни работи ги овозможува таквите ризици. Тие ризици секогаш постоеле и секогаш ќе постојат. За разлика од вас, јас мислам дека во Министерството за внатрешни работи имаме професионална екипа, структура што е одговорна, а повеќе во врска со тоа ќе образложам во дискусијата што ќе следува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Колегата Ѓорчев, мислам дека е квалификуван, затоа што е претседател на една собраниска Комисија што треба да врши контрола во сферата на одбраната. Бидејќи колегата Ѓорчев, во овој момент говориме сериозно, вие признавате дека нити сме Америка, нити сме Мексико, нити имаме овде емигранти, нити некој сака да дојде во Македонија, да работи во скопските кафеани или кафулиња.

Туку, имаме друга тенденција. Да биде искористена територијата на Република Македонија во пресрет на финалното решавање на косовското прашање. Да заборавиме дека овде станува збор само за престрелка меѓу една шверцерска група што се пресретнала со граничната патрола. Мора да бидеме многу посериозни.

Македонија не смее да биде полигон каде што некој треба да ја повлече Македонија во приказната дека евентуалниот финален статус на Косово значи крај за целиот регион. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Со сиот респект кон почитуваниот Бучковски, експминистер за народна одбрана, експремиерот.

Господине Бучковски, јас ќе бидам искрен и нема да заобиколувам туку ќе ве запрашам. Сте се запрашале ли на кого сето ова му одговара? На Југот, на Северот, на Западот, на Истокот? Под кое редно бројче ќе се најде преговорот за Република Македонија?

Господине Бучковски, точно е дека има задкулисни игри. Но, сигурно дека ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери не ги прават овие задкулисни игри. Треба да бидеме искрени и да се свртиме кон себе да видиме да не неко тие задкулисни игри ги игра. А, се гледа кој ги игра.

Вие спомнувате нешто што велите бараме одговорност, за тоа што не биле соодветно транспортирани. Дали Карпалак беше соодветно транспортиран. Дали тие што загинаа на Карпалак беа соодветно транспортирани? Не.

Колку од вашите акции, јас бев доброволец господине Бучковски, колку од вашите акции како министер за народна одбрана ви беа пробиени? Дали сме свесни за тоа? Дали јас треба да ја фрлам сега вината на вас, за тоа што ви беа пробиени акциите? Не.

Не можете секогаш, колку и да сте способен, работите што некој ќе сака да ги наметне во Република Македонија да самите вие ги отстраните. За тоа што тој е еден чекор пред вас.

Можеме да спречиме во даден момент. Полицијата не била нестручна. Полицијата не била несоодветно обучена. Полицијата не била не соодветно, да кажеме, вооружена.

Но, господине Бучковски јас би сакал да прекинеме со тие задкулосни игри на власт и опозиција кога се работи за интересот на Република Македонија, затоа што 2 милиони народ страда од некои детски болести и игри што вие како опозиција ги наметнувате во ова Собрание и ги наметнувате кај самиот народ во Република Македонија.

Почекајте, стрпете се. Доколку бидте конструктивни, можеби народот ќе ве гласа. Немојте со вакви игри, со вакви огнови да ја палите македонската јавност и да правите задкулисни игри. Погледнете ги сопствените редови ќе видите дека кртот е кај вас. Дека кај вас се работи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** За разика од Ѓорчев, кој сметам дека е квалификуван, бидејќи води една Комисија кој се грижи за безбедноста, вие дефинитивно покажавте дека сте неквалификуван и со дискусија. За жал, заличивте на господинот Трајанов. За вас е виновна опозицијата или правите паралели со воената 2001 година, што за жал, и таму не разбирате дека немаше народна одбрана и дека министерот не е командат на Армијата, туку има врховен командант, а тоа беше покојниот претседател Трајковски.

Господине Цветко, ѓаволот ја однесе шегата. Ова што се случува е резултат на неодговорното владеење на ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ, ви тврдам, изминатите 4 години имаше неколкупати посериозни провокации, но знаеше да се справи. Тоа се должи на неискуството, на незнаењето и се плашам, на коалицијата што е околу вашиот премиер што можеби посакува ова да се случи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Продолжуваме со расправа.

Има збор ...

(Дофрлање од место помеѓу пратениците).

Полека колеги, полека. Не мора помеѓу себе да разговарате.

(Дофрлањата продолжуваат)

Ако имате нешто нејасно, можете надвор од салата.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колешки и колеги пратеници, почитувана министер за внатрешни работи, почитуван заменик премиер,

Денеска имаме, за жал, вонредна ситуација за една навистина исклучителна непријатна ситуација. На почетокот би сакал да изразам соочувство со семејството на Игор Драганов, кој го загуби животот служејќи во Министерството за внатрешни работи, практично служеејќи и на државата, на нашата благосостојба и мир и да изразам надеж за добро здравје на Трајче Ристевски и Џемалетин Синани кои се надевам ќе се опорават, дека ќе закрепнат во наредниот период.

Она што прво би сакал да го кажам е дека, лично сметам дека е добро дека има седница, добор е што разговараме, што на транспарентен начин говориме, добро е тоа што и помеѓу нас и граѓаните можат да слушнат што се случува, да ги слушнеме и информациите од министерот за внатрешни работи, но и да ги размениме аргументити како власт и како опозиција.

Добро е што даваме сериозен тон на сериозни прашања што заслужуваат внимание.

Она со што не можам да се согласам е тезата во образложението за поднесување на седницата, каде што вели дека, помеѓу другото, ова е, за жал, уште една опомена за нарушената безбедносна ситуација во Република Македонија итн, и ова практично имплицира две работи за што мислам дека треба денеска да се говори.

Првата е тоа што опозицијата, практично имплицитно или директно, зависи кој како милува тој тоа да го прави, побара политичка одговорност од министерот за внатрешни работи. Сметам дека треба да говориме за тоа, да видиме дали тоа држи или не.

Втората работа е она што реално се случуваше.

Ќе почнам од второво.

Она што реално се случуваше е дека патрола на Министерството за внатрешни работи, редовна, беше нападната од заседа. Се случи она што се случи, го знаеме, го слушнавме од медиумите. Не информираше министерот за внатрешни работи и мислам дека треба нашите погледи и нашите ставови да ги ограничиме на она што се вика откривање на две работи: прво на сторителите, а второ на мотивот. Да видиме кој го направил тоа и второ со кој мотив го направил тоа.

Затоа мислам дека е непријатно да влечеме политички оценки сега, затоа што кога разговаравме за Ваксинце пред месец ипол, и тогаш говорев и го кажав тоа, сметам дека треба да се даде простор на Министерството за внатрешни работи да ги открие мотивите, да говориме за мотивите и да ги открие сторителите и да говориме за сторителите. Затоа мислам дека ќе беше подобро седницава да се одржеше за недела дена отколку што се одржува денес, како што сметав дека за Ваксинце е подобро да говориме подоцна, а не веднаш, откако се случија настаните.

Заради тоа што она што е факт со Ваксинце и она што се случи во Ваксинце е дека наспроти политичките импликации што очекувавме да бидат мотив, за што имаше претпоставки од делови од Парламентот дека се причина за настанување на инцидентот, факт е дека мотивите беа криминални, односно луѓето кои после тоа беа посочени како одговорни и се повикани на одговорност, практично настапиле со криминални мотиви. Тоа е чисто, тоа е јасно и тоа го потврди Министерството за внатрешни работи.

Втората работа, што е исто така факт е дек Министерството за внатрешни работи покажа професионалност во целата работа, со тоа што ги откри сторителите на многу ефикасен начин, на многу брз начин и се справи со нив. Заради тоа сметам дека и за целата оваа ситуација требаше да говориме малку подоцна за да ги имаме сите овие параметри пред нас, односно да знаеме точно за што се работи.

Инаку, можеме да шпекулираме околу мотивите, можеме да шпекулираме дали мотивите се повторно криминални или не, дали мотивите се, заради тоа што се работи за чуствително подрачје, политички инспирирани, дали се од

државата или не, дали има регионален контекст, или не, но мислам дека сето тоа ќе значи само отворање на шпекулации што не и користат во моментов на Република Македонија и не и користат на ситуацијата.

Доколку се потврди дека се такви, тогаш треба да разговараме. Но, во моментов, јас би се оградил од нивно анализирање, шпекулирање и образложение, заради тоа што сметам дека на тој начин нема да постигнеме ништо. Можеме да отвориме прашања што на крајот на денот може да се испостави дека не биле вистина, а да направиме сериозен проблем во Република Македонија.

И оттука, повлекување на паралели со Косово, ситуацијата во Јужна Србија, Север-Југ итн, мислам дека треба да ги оставиме за моментот кога Министерството за внатрешни работи дефинитивно ќе го расчисти случајот. Не е проблем можеме повторно да имаме седница, можеме пак да зборуваме за целата ситуација.

Вториот момент што го спомнав, имаме една ситуација што е факт. А тоа е дека Министерството за внатрешни работи, за разлика од минатите периоди, покажува дека знае да се справува со инциденти. Инциденти се случуваат, се случувале и ќе се случуваат. Од тоа нема бегање. Таква е природата на работата.

Но, она што е факт е дека оваа постава на Министерството за внатрешни работи, овој министер за внатрешни работи има капацитет да се справува со проблемите и да ги решава проблемите.

Го спомнав Ваксинце, ќе го повторам. Ефикасно се реагираше. Се пронајдоа сторителите и Министерството за внатрешни работи се справи со нив. Исто така беа покренати кривични пријави што понатаму треба судската власт да ги процесуира.

Беа споманти други работи поврзани со инцидентите во Собранието, нападот на камерманот на АЛФИ-те итн, итн, и тука е факт дека Министерството за внатрешни работи апсолутно се справува со проблемите. Тоа е работа на министерот за внатрешни работи. Работа на министерот за внатрешни работи е да кооридинира со овие работи да наоѓа решенија и да ги решава работите, а не, иако и тоа можеме да го прифатиме како одговорност, на кој начин се прави тоа, не да постојано и постојано имплицираме дека стето тоа има некаква друга позадина.

Она што е исто така факт и со што не можам да се согласам е дека, како што беше споманто и ова беше една од тезите на колегите кои пред мене говореа, дека наводно, кризата меѓу ДПА и ВМРО-ДПМНЕ е мотив за инцидентот што се случи. И дека секогаш кога има криза помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА се создаваат инциденти.

Јас можам најодговорно да тврдам дека тоа тврдење нема основа, не е вистинито и, можеби, таквиот начин на размислување е реминесценција, остаток од начините на работа на претходната Влада, каде што можеби СДСМ и ДУИ така функционирале. Јас не знам дали функционирале така. Но, начинот на размислување можеби ги наведува колегите да претпоставаат дека така како што тие функционирале меѓу себе, можеби си создавале проблеми едми на други за да можат после да се договараат коалиционо, функционира и оваа коалиција.

Оваа коалиција не функционира така и нема да функционира така. Сакам, апсолутно да ве убедам дека тоа не е така.

Она што исто така сметам дека траба многу јасно да го потенцирам тука и што многу јасно беше спомнато од колегите пред мене е по однос на партизацијата на Министерството за внатрешни работи и по однос на тоа каде се професионалците во Министерството за внатрешни работи.

Фактите говорат нешто друго. Фактите говорат дека имаме најуспешна битка со криминалот, воопшто во историјата на Министерството за внатрешни работи, фактите говорат дека случаите се решаваат, фактите говорат дека имаме ефикасно Министерството за внатрешни работи.

Она што треба овој Парламент да го интересира е дали Министерството за внатрешни работи е ефикасно или не, дали Министерството за внатрешни работи се справува или не се справува. Ако се справува и ако е ефикасно, за што не говорам само јас, туку говорат и фактите, говорат и бројките, говорат и извештаите, говорат и меѓународните институции, говорат и оценките што ги добива Министерството за внатрешни работи, тогаш тоа е доволно ние да се убедиме дека Министерството функционира. Се друго, ќе повторам е шпекулација. За се друго можеме да говориме вака и онака, но повторно ќе се доведеме во ситуација да шпекулираме, а не да говориме со факти.

На крајот, спојуваќи ги двете работи, би сакал да потенцирам некои работи.

Прво, во насока на поканата што ја очекуваме од НАТО наредната година, во насока на решавањето на финалниот статус на Косово, во насока на целата регионална ситуација, Парламентот треба да прави две работи:

Прво, да дискутира и добро е што дискутира и второ да се обиде максимално да има релаксирана политичка ситуцаија и клима во Република Македонија што ќе овозможи на Владата да максимално си ја извршува својата работа, максимално се посвети на својата работа и на тој начин да даде резултати на што заеднички, се надевам ќе се радуваме.

Втората работа што треба да се потенцира е дека во интерес на Република Македонија е мирно подрачје, но уште повеќе сметам дека не треба да го иритираме, сметам дека не треба да ја иритираме ситуацијата, сметам дека ние од тука, како Парламент не треба да сме почеток на она што би се викало регионална криза, итн, затоа

што нашата работа се гледа, се следи, има свои импликации.

И на крајот, сметам дека нема простор за политичка одговорност од наједноставна причина што Министерството за внатрешни работи и министерот за внатрешни работи професионално си ја работи својата работа, има најдобри резултати во историјата на Министерството и екипата што е во Министерството за внатрешни работи, посветено и одговорно работи.

На крајот ќе повторам дека ми е жал, и се чувствувам со семејството и се надевам дека вакви случаи ќе имаме се поретко, односна нема да имаме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Кој е за реплика од пријавените? Четворица се пријавени за реплика.

Прв се пријави господинот Рахиќ Есад, три минути за реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер за внатрешни работи, почитуван колега Николовски. Ме радува една убава политичка дискусија и мислам дека така треба да личат дискусиите меѓу пратениците на позиција и опозиција. Нема да квалификувам дали, кој, како и зошто една забелешка на мојот драг колега Павле Трајанов кога ги набројуваше сите кои треба да бидат тука присутни да одговорат на прашањето што се случило, смета дека прво требаше да го повика директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, бидејќи сметам дека тоа е негова работа.

Она што јас со вас ќе се согласам, а меѓутоа не сакам да го прифатам, вие пак кажувате рутинска контрола. Рутинска контрола треба да биде луѓето да се прошетаат и да кажат дека времето е убаво и виделе неколку селани како сечат едно или две дрва, ги носат и да се вратат назад. При рутинска контрола не гинат полицајци. Таков беше случајот и пред 40 и нешто дена кога Фатмир Алили го загуби животот, татко на четири деца. Инаку, загинатиот со кој што јас се сочувствував со таа загуба, со целата македонска јавност е 24 годишен и очекува принова, веројатно за жал, колку да е морбидно тоа дете нема да го види својот татко и тоа е многу жалосо. Има едно писмо кое што денес јас сакав да и го покажам на министерката за внатрешни работи, бидејќи како независен пратеник ретко добивм шанса да поставам пратенички прашања, бидејќи треба да се согласат големите партии, каде што Амни Алили братот на загинатиот командир бара од вас, почитувана министерке, да го примите и да му објасните вистинската причина и како загинал командирот Фатмир Алили. Да се вратам, бидејќи вие рековте дека полицијата утврдила во рутинска контрола се случило тоа. Јас пак ќе повторам дека не може рутинска контрола да се испраќаат луѓе без претходна информација на Управата за безбедност и контраразузнавање да упатат. Во такви невралгични простори, полицијата односно Управата за безбедност и контраразување секогаш треба да има информација какви вооружени групи се движат и да помогнат. Јас искрено сакам ова да биде пресметка со шверцери. Меѓутоа, премногу се случуваат пресметки со шверцери кои се добро наоружани, кои го знаат движењето на патролите на Министерството за внатрешни работи и често тие завршуваат трагично за нашите политички сили. Таму има една шумска куќичка почитувана министерке, таму ќе ги барате пребегнувањата на затворениците кои избегаа од затворот. Јас ви реков дека затворите не беа исклучени и јас вие реков дека тие бегства ќе ги искористи некој да ја дестабилизира, не велам власт или опозиција, туку едноставно да ја дестабилизира Република Македонија заради некои трет или четврт интерес.

Уште една работа, имавте од ХТВ директно снимени на Шара формации во униформи кои што рекетираат, собираат рекет во име на нешто или некој. Прашајте каде беа косовските кобри во 2001 година, отидете таму и ќе видите дека таму има уште такви формации и тоа малку покрупни. Не можеме да ги затвораме очите во оној момент каде што реално има опасност за граѓаните и безбедноста на Република Македонија.

Инаку, јас ќе го задржам правото да ви дадам уште неколку информации ако тоа може да послужи з безбедносната состојба во Република Македонија да биде постабилно.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник Николовски Александар.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Иако, дел од репликата беше насочена директно кон министерот за внатрешни работи, јас би сакал да се согласам со дел од работите што ги кажа колегата, особено во изразувањето на сочувство и загриженоста, но би сакал исто така да го потенцирам она што беше практично срж на мојата дискусија, а тоа е дека не сум подготвен да шпекулирам, за ништо, затоа што немаме прецизна информација од Министерството за внатрешни работи, односно не сум подготвен да ги наоѓам мотивите таму каде што во моментот не сум убеден дека се наоѓаат. Така што, можеби ќе се потврдат работите за кои што говоревме, јас се надевам дека нема да се потврдат, заради тоа што би било лошо за сите нас. Но, во моментов сметам дека Министерството за внатрешни работи, професионално, одговорно да си ја заврши својата работа како што тоа го прави и до сега и кога ќе ги имаме сите информации, ќе говориме повторно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Николовски, она што најмалку очекував од вас, очекував малку повеќе со оглед на сериозноста на ситуацијата, не само на

безбдносната и политичката, туку и на ситуацијата која веќе ја имаме по втор пат жртва, припадник на униформираниот состав на Министерството за внатрешни работи. За да не должам, голема е коинциденцијата, бидејќи употребивте иста терминологија како и министерката за внатрешни работи во своето интервју. Велите, инцидентите се случувале, се случуваат и ќе се случуваат. И, тука лежи вистинскиот проблем. Бидејќи колега Николовски, ако пред 45 дена ги усвоивме заклучоците за една иста ваква ситуација која за жал не беше последна, туку роди нова за само 45 дена повторно едно семејство жали, повторно голем број семејства се тресат сега во Клиничкиот центар, очекувајќи дали нивните блиски ќе останат во живот, вие овде говорите дека тоа е нормално. Вие спорите дека треба да се понесе политичка одговорност од страна на министерот за внатрешни работи. Срамота. Министерот за внатрешни работи е политичка функција и нормално е во вакви инциденти да понесе политичка одговорност. Велите дека станува збор за до сега најефикасен министер за внатрешни работи. Дозволете колега Николовски, со која единица мерка ја измеривте нејзината ефикасност. Правопропорционално со бројот на претепани деца или е правопропорционална нејзината ефикасност со бројот на претепани дипломати или со бројот на прекршени сниматели или новинари. За жал, не е смешно колега Николовски. По втор пат имаме трагичен исход, по втор пат имаме жртва. А, кога ќе говорите за ефикасноста на госпоѓата Јанкуловска, ве молам консултирајте се и со семејството на припадникот кој почина пред 45 дена и тропнете на вратата на семејството Драганови. Тие ќе ви кажат зошто пред 45 дена моравме да прифатиме заклучоци, бидејќи можеби ќе спречевме да дојде вчерашниот инцидент. Денес можеби едно семејство ќе се радуваше на повратокот на својот близок од работно место. И дури вака размислувате, дури за вас е најбитно да се задржи политичка деструкција, Република Македонија, за жал, има многу нарушена безбедносна ситуација. Тоа е факт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Вие сте јавени за збор. Повелете три минути да видиме во што е нарушена процедурата.

**Весна Јаневска:** Ќе бидам многу кратка, не ми требаат три минути. Прво, ќе почнам процедурално, после почнувам со дискусија. Незнам во кој член од Деловникот е ова, почитуван потпретседателе, но имам чУвство удека во овој момент дискусијата ја помина црвената линија. Тоа што ние на минатата седница не сме донеле заклучоци, немаше да го спаси ова дете и мислам дека, жал ми е госпоѓо Бендевска, во овој момент ги злоупотребивте двете семејства кои имаат страшно . . .

**Иван Анастасовски:** Во што е процедурата, повелете. Во што е прекршокот?

**Весна Јаневска:** Треба да го сочуваме достоинството на македонскиот народ. Тие семејства имаат страшна загуба и не смееме да ги злоупотребуваме, ве молам, со тоа што ќе сме донеле заклучоци. Толку.

Дали можам да почнам со дискусија?

**Иван Анастасовски:** Јас мислам дека го измешавте редоследот. Имаше уште еден за реплика. Реплика по однос на говорот и имавме една контра реплика, па вие. Но, сега јас ќе замолам да ја вратите на дисплејот на местото на кое беше почитуваната колешка за говор.

Една минута има контра реплика пратеник господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Јас сакајќи да го задржам нивото, нема да ги користам термините кои што ги користеше колешката, само ќе кажам дека единицата мерка се решениет случаи и фактите кои што како такви стојат. А, по однос на она што го кажавте се случувале, се случуваат и ќе се случуваат, јас за разлика од вас сум малку пореален и ако сакате да кажуваме прикаски, бајки тука, можеме да кажуваме дека од утре се ќе е идеално, сите ќе сме среќни и весели и ова ќе е најубавото место на светот, ама, не е така. И во политиката да сме реални, а не да ги кажуваме нашите со нешта визии итн. итн. иако делиме веројатно ист сон и иста визија и не сметам дека тоа што ќе сме донеле заклучоци ќе превенирале во било каква ситуација, мислам дека е смешно политички да кажете дека ако Собраниево донело заклучоци и готово, утре нема да има проблеми, ќе донесеме какви сакате заклучоци, но тоа мислам дека нема да ве однесе никаде, на друго место се решаваат работите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана министерке, почитувани пратеници. Додека некој команданти од реонот на Танушевци говореа во минатите месеци дека таму жителите го контролираат селото, дека таму полицијата не може да влезе односно се повлекува. Нашата министерка за внатрешни работи говореше, цитирам: “полицијата е постојано на терен и ја контролира целата територија на Република Македонија, или Министерството за внатрешни работи влегува на секоја педа од земјата во Република Македонија.” Значи почитувани, што е државниот интерес на Република Македонија и на опозицијата и на власта во вакви сериозни ситуации кога е нападната Република Македонија, кога чинот, почитуван колега Николовски, во што се огледа државниот интерес. Опозицијата во вакви ситуации треба да ви даде поддршка, да ви помогне за да се справите со овие акти за насилство и за напад врз униформата, врз полицијата на Република Македонија. Меѓутоа, тоа ќе го направиме ако ја говорите вистината, ако не ја криете вистината. Не се срамота и така

можеме да ви помогнеме, а не да се криете. Со тоа си правите и самите лошо, а таа работа ќе се открие кога - тогаш. Значи, опозицијата постојано укажуваше на тоа. Вистински ако сакате да и помогнете на Република Македонија, не на партиски празници да се колнете во државата, туку треба да ја штитите државата. Затоа што, не е проблемот во оперативците, во полицајците на терен, кои се обучени и кои се професионални итн. проблемот е во лошото политичко раководење. Тоа е нашиот проблем во Владата на Република Македонија. И, ВМРО во вакви ситуации секогаш се однесува и денес се покажа во две крајности. Или се однесува одбранашки со изговори дека ќе има и наредни инциденти, која е пораката. За жал, од таквото однесување. Или, во другата крајност дека СДСМ е виновен, дека постојат сценарија и задкулисни игри. Па, СДСМ не е на власт. Ве молам и на крајот работа на Министерството за внатрешни работи не е само да открива откако нешто ќе се случи лошо, превентивна работа на организирани одбранбени државни безбедносни структури е превентивно да спречува да не се случуваат такви инциденти. За жал, таа компонента во раководењето со Министерството за внатрешни работи недостасува.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Очигледно колегата не ми ја разбрал поентата на дискусијата. Јас не го обвинив СДСМ за ништо, иако да речеме, ако сакав можев да говорам дека структурите на Миле Зечевиќ го прават тоа, ама јас не го кажав тоа. Кажав и реков дека не треба да шпекулира и стојам на тоа дека не треба да шпекулираме. Ако сакате да шпекулираме можеме и јас можам да кажам дека ДУИ го прави ова по наредба на СДСМ, но сметам дека тоа не тонот и начинот на кој што треба да се дискутира. Инаку, јас сум убеден во добрите намери на опозицијата и се надевам дека се искрени. А. лошо политичко раководење на Министерството за внатрешни работи нема од две причини. Првата ја кажав. Тоа се фактите. Ова е најуспешна постава, најуспешен министер за внатрешни работи.

Второ, превенирањето кое што го спомнавте, имаме десетици случаи кои што се превенирани, за кои што јавноста нема ни потреба да знае, кои што можеле да ја нарушат безбедноста во Република Македонија, кои што Министерството за внатрешни работи ги открило и ги спречило и заради тоа имаме релаксирана ситуација во моментов во државава.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

(Реакција од страна на Жерновски)

Јас реков дека има четвроица за реплика и го броев колегата Макрадули. Значи, вие сте за реплика. Колешке Јанеска, ќе извинете, три минути реплика пратеник господин Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Уште еднаш да ве потсетам, јас го почитувам правилото да се јави пратеник за реплика додека трае дискусијата на колегата.

Почитуван колега, денес има итна седница и очекував од вас и од колегите да разговараме за информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлексии по безбедносната состојба во Република Македонија. Вие направивте нешто сосема спротивно. Согласно стратегијата, тактиката на ВМРО-ДПМНЕ, вие ја избравте оваа точка на дневен ред да се јавите за дискусија, да ја глорифицирате успешниот мандат според вас на министерката за внатрешни работи. Сакам да ве прашам дали имате малку чувство или да се ставите во очите на граѓаните кои што ве гледаат веќе, ова е вонредна седница и побудува интерес, како ден после губење на животот на припадник на Министерството за внатрешни работи во состав на безбедносните сили, за жал втор по ред, вие и објаснувате на македонската јавност какво е ова цитирам, најуспешната министерка и министерката со најголем капацитет досега кој што воопшто раководел со Министерството за внатрешни работи. Го кажувате тоа без после изгубен човечки живот. Или што мислите, што мислат семејствата на починатите луѓе. Е сега вие велите дека ова е најефикасната министерка. Сакам да ни одговорите што стана, бидејќи вие ја навлековте оваа иницијатива, дали имаме ефикасност во случај со инцидентот во Универзална сала со "Нота фест". Сакам да ми одговорите. Дали се случи расчистување на инцидентот многу кратко после тоа пред кафе барот "Тренд" кога беа вмешани и припадниците на Руската амбасада. Понатаму, дали најуспешната досега министерка за внатрешни работи во историјата на Македонија го реши случајот со последното бегство од затворот и на крај, дали вие ги слушате изјавите на амбасадорката на САД која што пред една недела изјави дека Процес е пример за неефикасност на Министерството за внатрешни работи. Јас ќе ве потсетам и ЛДП тоа ќе го одбележи, во наводници на соодветен начин, една година изминува од случајот "Процес", сеуште немаме разврска. Или сакате на младите да им кажете дека е решен случајот со "Хардрок", или новото тепање, или она што се случи во Крива Паланка. Значи, вас ве прашувам, бидејќи имам уште 10 секунди, кои од овие набележани примери што јас ги кажав се расчистени или дали после овие инциденти за жал со загубени животи вие тврдите овде со право дека имате најдобар министер во историјата на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Многу прашања на кои не можам да одговорам навистина во една минута. Жал ми е, ќе пробам да се концентрирам на три работи.

Прво, сметам дека начинот на кој што говореше колегата е спротивен на начинот на кој што јас говорев. Сметам дека ова е во насока на политички маркетинг и е прифатливо и е во ред, ова е Парламент. Но, јас се обидов да не говорам така и за жал, тоа е факт. За две работи ќе можеме да проговориме. За разлика од многупати до сега во владеењето на СДСМ на ЛДП и ДУИ кога затвореници бегаа од затвор и никогаш не се враќаа, Џејми Шеј избега од затвор и беше вратен со апсолутно успешна акција на Министерството за внатрешни работи и тоа говори за тоа како се справува Министерството за внатрешни работи со вакви ситуации. Но, исто така Министерството за внатрешни работи успешно се справува и со корупцијата меѓу докторите ако сакате да говориме, се справи со Бачило итн. и тн. кои што за жал како наследство ги добивме од вас. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега. Конечно, има збор госпоѓа пратеник Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:**Почитувани пратеници.

Кога денес ме информираа дека ќе има итна седница по повод настанот кај Кодра Фура, многу поинаку ја замислував оваа седница, не ја замислував како генерална проба за интерпелација на министерката за внатрешни работи, ниту пак, исто така, како генерална проба за одбрана на нејзината работа.

Откако ова го кажав, навистина би сакала да изразам сочувство на семјството на Игор.

Мислев дека можеби опозицијата ќе побара или можеби пак и позицијата ќе побара затворена седница на која нависитна ќе се направи сериозна политичка анализа, што е тоа што, еве, се случило и е значајно за итна седница.

Имам личен впечаток дека опозицијата ја побара итната седница, неочекувајќи дека ќе ја добие и не е сосема подготвена да дискутира, со политичка анализа во овој момент, туку грото од дискусиите се сведуваат на критика на она што се работи во Министерството за внатрешни работи која е далеку од она што всушност претставува вистински настан, овој немил настан кој се случил во близина на Кодра Фура.

Грижата за Македонија верувам дека ја делиме и едните и другите и сметам дека веќе е премногу кога се обвинуваме едните или другите дека некој повеќе или помалку се грижи, но, добро, вербално искажаната грижа е убава работа, но сепак мислам дека во нашата македонска традиција постои еден поскулат во кој нашиот народ вели дека она што се чувствува треба и да се покаже. Неочекував дека грижата за Македонија денес на овој начин ќе се покажува.

Добив впечаток од позицијата дека има некакви информации кои можебина Владата не и се достапни, што е многу опасна теза. Но, до колку е и така, сметав дека ќе биде покорисно ако тие информации денес заеднички ги споделиме.

Уште една друга теза која исто така според мене е многу опасна е дека сепак се случува нешто посериозно од она што госпоѓата министерка, значи како фуснота секоја дама која има над 18 години се наименува со госпоѓа, бидејки огроемн број од пратениците не знаат како да им се обраќаат на пратеничките и употребуваат госпоѓи и госпоѓици, па еве мој мал прилог во однос на тоа.

Значи, уште една многу, според мене, опасна теза дека се случува нешто многу посериозно од обичен шверц, како што рековте, се случува на границата.

Би сакала да дадам мој мал придонес во политичката анализа, онолку колку што сметам дека во овој момент е дозволиво да се има пред јавноста и всушност она што повеќето наши граѓани веќе и го знаат, без оглед дали ние овде јавно ќе го кажеме или нема да го кажеме.

Ситуацијата во Република Македонија нависитна е многу сериозна, се согласувам со некои од говорниците кои тоа го кажаа. Ситуацијата во Република Македонија се комплицира со ситуацијата на Косово за која се понадевавме дека ќе биде брзо решена, испадна дека навистина не е така брзо решлива како што сите ние, а можеби и некои други очекуваат.

Бескрајно многу пати е дискутирано на темата какви импликации ќе има проблемот во Косово во однсо на Република Македонија и сите ние се деклариравме дека сакаме да нема никакви импликации решавањето на проблемот на Косово врз Република Македонија. Тоа не значи дека тоа ќе биде така како што ние сонуваме иако сега слушам коментари од многу пратеници дека соништата биле многу значајна работа. Да, соништата се значајна работа, но реалноста е реалност.

Дали е конструктивно да продискутираме сега, дали навистина во Косово има некакви движења, иако е тоа наш сосед и не би сакале да се мешаме во работите на други држави, не зборувам за Косово, зборувам за Србија во моментот. Можеби е многу опасно, но за Република Македонија е неопходно тоа да се стори и за разлика од една таква ситуација, јас денес слушнав, во една состојба која е многу сериозна и за која е потребно да се продискутира. Имено јас од пратениците не видов доволно сериозна дискусија по однос на моменталната состојба на Република Македонија. Значи, што реално се случува во Косово, имаме или немаме информации, каков е одговорот на Македонија за тоа што реално се случува во Косово, имаме или немаме информации, што пак реално се случува со името, во врска со Република Македонија,имаме или немаме информации, какви треба да бидат нашите ставови во однос на името, или можеби на решавањето на статусот на Косово, дали можеме да предвидиме реакција на Меѓународната заедница во однос на евентуалното прогласување на независност на Косово, или не можеме да предвидиме, дали во

евентуални немири, вооружени во Косово, Македонија има можности да се справи со нив или нема можности, или што ќе превземеме во една таква ситуација. Сметам дека тоа беа темите за кои ние треба денес да дискутираме многу сериозно, без да ги спомнуваме небитните работи во овој момент, како што се на пример државните празници за кои има време посоодветно и поприкладно кога би можеле да подискутираме, иако не гледам зошто понатаму на таа тема треба да дискутираме, таа е веќе еднаш издискутирана.

Дали оваа земја има капацитет да се справи со проблемите и дали оваа Влада или претходната Влада подобро се справувала со проблмите, па слушнав констатација дека немаме капацитет да се справиме со проблемите. Немате капацитет во овој момент, почитувани дами и господо од СДСМ, да се справите со проблемите, бидјеки справувањето со проблемите не е само барање на итнис едници. Справувањето со пробелмите е и формирање на судсјиот совет, справување со проблемите е и донесување на закони со европски предзнак, справување со пробелмите и седнување на маса и развивање на дијалог и се она што ние до сега не го направивме и тука сосема сум согласна дека навистина постои проблем со капацитетот на решавање на проблемите.

Во вашите редови имате премиери и министри кои биле тоа во еден период од вашата Влада илиод својот сопствен живот и наместо сега тие заедно со оние од власта да тргнат на пат за да лобираат за македонското прашање кое за жал толку години е незатворено, а денес ми се чини е поотворено можеби од било кога, да ги искористат своите врски и своето влијание било каде што имаат во светот, ние денес или вчера расправавме за празникот и за тоа дека ако сме донеле заклучоци ќе сме можеле да спречиме нешто што нависитна сметам дека во овој момент е резултат на кој ние никако поинаку освен дипломатски не можеме да делуваме.

Би сакала да продискутирам уште за една многу опасна теза, значи трета опасна теза, според мене, а тоа е дека ДПА или албанскиот коалиционен партнер има некаква одговорност во овие случувања. Воопштоне ми се допаѓаат и сметам дека се штетни за Република Македонија и дискусиите од типот ДУИ или СДСМ се виновни за овој настан. Лично сметам дека во моментот во Република Македонија нема кривци за ваквиот настан, но тоа е тема за една друга дискусија, па во тој правец сметам дека ни ДПА е виновна за ваквиот настан. Тезата дека кога меѓу коалиционите партнери има недоразбирање, јас не знам дали ќе има или нема, но дека кога помеѓу некои коалициони партнери има недоразбирања во Македонија има жртви е сериозно опасна за било која страна, бидејки ваквата теза утре или задутре, сеедно, на некоја друга коалиција може да и се врати како бумеранг, а сето тоа на штета на макеоднскиот народ.

Предлагам, до колку навистина има добра волја, оваа седница навистина да се претвори во нешто посериозно од меѓусебно обвинување, во една навистина посериозна анализа на она што се случува околу нашата земја и она што се случува во нашата земја за навистина ако извлечеме заклучоци после денешната работа, тие да бидат корисни за безбедносната состојба на оваа земја.

**Иван Анастасовски:** Благодарам

Дали некој се јавува за реплика.

За реплика се јави господинот Иван Стоилковиќ, повелете имате три минути.

**Иван Стоилковиќ:** Благодарам господине потпретседателе,

Госпоѓо Јаневска, се извинувам што, условно кажано, ќе ве искористам за реплика, меѓутоа, сакам да кажам дека расправата денес се одвива, или расправата е омеѓена некаде во две крајности.

Првата крајност е реалноста во Република Македонија, а реалноста говори дека во изминатите месец, два се случуваат во редослед настани кои укажуваат дека постојат сериозни индикации за влошување на политичко безбедносната ситуација во Република Македонија, од една страна и од друга страна општиот впечаток на јавноста во Република Македонија дека во Македонија се случуваат мошне чудни работи од областа на безбедноста.

Другиот граничник од другата страна, тоа е официјално тврдење на претседателот на Република Македонија дека во Република Македонија нема паравоени формации, нема загрозување на политичко-безбедносната состојба, званичната инфорамција на Владата на Република Македонија дека во Република Македонија исто така нема паравоени формации и загрозување на политичко-безбедносната состојба и третата работа е изјавата на амбасадорот на САД на една телевизија, пред неколку дена, во која исто тврди односно ги поткрепи оценките на Владата и на Претседателот на Република Македонија.

Помеѓу тие два меѓника ние денес се најдовме да расправаме за смртта на едно младо момче припадник на македонските безбедносни сили.

Празната сала во моментов кога зборувам и општата состојба односно заинтересираноста на пратениците во Собранието на Република Македонија, за вакви крупни настани вака да се однесуваме кон оваа состојба и самиот факт дека од седницата на Собранието на Република Македонија нема да излезе ниту еден конкретен заклучок односно дека седницата ќе почне и ќе заврши, праќа мошне интересна порака за начинот на кој ние се однесуваме кон сите случаи кои значат загрозување н аполитичко-безбедносната сосотјба во Република Македонија. Значи испраќаме мошне сериозна порака дека и наредниот пат може да се случат вакви работи, ние ќе дојдеме овде на седница, ќе

се изназборуваме, ќе сиодиме дома и ништо нема да се случи понатаму.

Од тие причини, во знак на револт, ќе ја напуштам денешната седница на Собранието ине сакам понатаму да учествувам во оваа шарада во работата на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега, тоа е сепак ваш став.

Дали има контра реплика?

Повелете госпоѓо Јаневска имате една минута.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Нема на што да контрареплицирам, така е, но би сакала нешто да додадам во тој правец,исто така да го искористам моето право на контра реплика.

Се согласувам со повеќето што кажавте. Значи не станува збор за безбедносната состојба во Република Македонија, станува збор за безбедносната сосотјба во регионот и согласна сум да зборуваме за тоа и за безбедносната состојба во Република Македонија. Но, наиискрено, сега и јас ќе си го земам правото на сон. Јас сакам и верувам дека ова сепак е инцидент. Не можете да ми го одземете правото да и верувам на единствената релевантна личност во земјата, а тоа е министерката за внатрешни работи дека тоа е така. Би требало да сакаме да е така. Ако е поинаку, ја молам министерката тоа во што е можен најбрз рок да го соопшти на јавноста.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

И јас се придружувам кон оценките на колегите дека разговараме во еден тажен момент, во момент кога загубивме човек кој ја носеше униформата на Република Македонија, човек кој сигурно редносно ја вршел својата работа и изразите на сочувство се минимумот што можеме заеднички да го направиме. Навистина трагична ситуација која е дополнета со тоа што имаме луѓе на кои сеуШте животите им се во опасност, имаме и повредени, имаме и загинат човек.

Што е пошироката слика во Република Македонија?

Пошироката слика во Република Македонија е дека после 17 години транзиција, Република Македонија е на патот да успее. Република Македонија е на патот да успее односно да стане нормална држава затоа што се намалува корупцијата, се намалува рамилакот и оној уличен и оној институционален. Република Македонија е на патот да успее затоа штоимаме заинтересираност на странски инвестиции, затоа што почна за неа во Економист Лондоски да се пишува позитивно, затоа штоконечно во Република Македонија почна да се чувствува атмосферата од Чешка, Полска пред десетина години, конечно и во Република Македонија. Некој не сака да успее затоа што не му одговара нормализација на состојбите во која ќе има многу помалку или ќе го нема шверцот, во која ќе има многу помалку или ќе го нема криминалот, во која ќе ги имаме европските норми кои очигледно во изминатата деценија во Република Македонија отсуствуваат. Отсуствуваа затоа што имавме порозна граница и во делот на железничките врски, знаеме што се случуваше за време на ембаргото, знаеме кој се наполни со пари, занеме кој го кршеше ембаргото. Отсуство на нормализација затоа што ќе имаме шверц од преку локомотиви заклучно со магариња, преку товари и т.н. Уште еднаш, имаме нормализација на состојбите што на многу луѓе не им одговара.

Каков акт е ова, независно дали е криминален или политички. Ова е акт против полицијата на Република Македонија, ова е акт против членството на Република Македонија во НАТО,ова е акт против економскиот просперитет на Република Македонија, ова е акт на Република Македонија против вработувањата во Република Македонија затоа што ги одвраќа инвеститорите, ова е акт кој е насочен против борбата криминалот и корупцијата,независно дали е таа улична или институционална и ова е акт, ќе потенцирам, против сите, уште еднаш против сите граѓани на Република Македонија. Зошто? Затоа што поголема стабилност, повеќе инвестиции, повеќе вработувања и члнество на Република Македонија во НАТО им одговара на сите, повторувам на сите граѓани во Република Македонија.

Составот на патролата говори се. Составот на патролата говори дека во таа патрола, за жал и повредените и последиците дека таму имавме и Македонци и Албанци. Составот на патролата, пред еденипол месец за инцидентот кај Ваксинце исто така говори дека имаме институции кои ги одразуваат стремежите на граѓаните на Република Македонија за ред против нередот, за закон против беззаконието, за законитост против распашаноста и локалните шерифи. Велите на нередот сакаат да го свлечат редот, а што мислат граѓаните на Република Македонија против нередот кажаа на 5 јули кога еден од тие што гледавме какви изјави дава пред еден или два месеци, еден од тие од Танушевци беше кандидат за пратеник во втората изборна единица и не помина. Тој 4 години седеше во ова Собрание и не ги реши проблемите на граѓаните, тие не гласаа за него и гледаме сега каде е,какви изјави дава и како се заканува.

Но, граѓаните, одговорни Македонци и Албанци или Албанци и Македонци јасно му кажаа нему и на него слични што мислат за него и за таквите како него. Зошто? Затоа што на граѓаните Македонци и Албанци, граѓаните Албанци и Македонци, Роми, Турци, Срби, Бошњаци, на сите заедно, на сите останати им е потребна полицијата која ќе биде добра, професионална, ревносна и таква станува и се повеќе ќе биде таква, затоа што не им одговара членството на Македонија во НАТО, затоа што нема да имаме

НАТО институции, нема да имаме НАТО членство, нема да имаме НАТО инвестиции, ним не им одговара економскиот просперитет затоа што економската безперспективност е најдобро ловење во матно за тие луѓе, а одговорните граѓани ги посакуваат и инвестициите и вработувањето и институциите кои ефикасно ќе дејствуваат. Еве затоа што во тој дел од нашата татковина живеат Албанци, кој е интересот на Албанците наредните шест месеци? Покрај членството на Република Македонија во НАТО и стабилноста јас ќе кажам една многу практична работа, тоа е да патуваат со олеснети визи од 1 јануари 2008 година исто како и Македонците, исто како и Ромите, исто како и сите граѓани на Македонија. Во интерес им е да нема шверц, да нема локални банди, да нема ситуација каде ќе се замериш со дете на улица, а после да не знаеш кој ќе пука во тебе, чиј братучед е, чиј татко и тн., туку напротив, им одговара еден сеопшт детант на институции кои функционираат.

На граѓаните од Липково или од Арачиново или од било кој дел од Скопската котлина им одговара до март месец да се заврши скопската заобиколница која е огромна инвестиција во нашата инфраструктура и понатаму граѓаните од Арачиново или од било кој дел од северниот дел на Скопската котлина да можат за 10-15 минти да стигнат до Кондово, за 20 минути до Тетово, за половина час до Гостивар. Тоа е Европа, тоа е напредокот, тоа е просперитетот кој убедливото, огромното без малку и плебисцитарно мнозинство Албанци сака да го живее. Автопти со подвозници, надвозници, со вработувања кои треба да се случат во економската зона Бунарџик 1 и 2. Најмалку е тоа интерес што се нарекува пукање во патроли, големодржавни сонови или агенда која му припаѓа на минатото, агенда која и лекции кои мораат на Балканот колективно многу пати да се повторуваат, независно дали станува збор за почетокот на 20-от век и хегемонијата, средината на 20-от век и хегемонијата карактеристична за средината на 20-от век, големодржавните сонови од 90-тите години или било што што може да се има како иднина.

Нашите институции ги имаат проблемите кои ги имаат пограничните единици на САД, пограничните патроли на Шпанија, пограничните патроли на Турција.

Дами и господа, Турција големата со 72 милиони жители има проблеми на својата јужна граница во делот кон Ирак, во делот кон Сирија, делумно и во делот кон другите централно азиски републики. Станува збор за институции, за армија која има годишен буџет повеќе од 4 милијарди долари, а видовме каде една НАТО структура, ефикасна структура деновиве имаше загуби на границата, заробени припадници на нивните безбедносни сили и сл. Но, што е тоа што нив ги карактеризира исто како и македонските институции? Одговорноста на институцијата, подготвеноста на припадниците на тие погранични сили да се соземат и да ги обезбедуваат своите граници.

САД има односно нивниот Пентагон годишен буџет од 540 милијарди долари плус дополнителни 80 милијарди долари за операции. Значи, 620 милијарди долари има американската армија годишно. Најефикасната борбена структура во историјата на човештвото. Ни Римската војска не била толку ефикасна и со тие 620 милијарди долари кои ги имаат односно 2 милиони долари дневно имаат ситуација каде нивните војници и полицајци секојдневно се под ризик. Во области каде немаме шуми, каде немаме планини, туку напротив имаме низини, имаме пустини и гледаме овие структури каква гибел имаат, какви ризици имаат и како се носат со нив.

Македонската полиција и македонската војска има многу поскромни ресурси и ваквите ситуации на заседа, да бидеме искрени, да бидеме реални, да бидеме објективни никогаш не можат да се превенираат. Тие можат да се минимизираат, како што го прави тоа нашата полиција и нашето Министерство за внатрешни работи, но никогаш не можат да се сведат на нула. Тој што ќе го тврди тоа дека таквите ризици можат да се сведат на нула или не ги знае состојбите е во тешка заблуда или свесно лаже. Дали има било кој кој може да тврди дека граничното обезбедување во било која држава, па макар била и најмирната држава на светот, може да биде без ризик. Ја нема таа технологија, ги нема тие структури, ја нема таа техника и човечки ресурси кои можат да го сведат тоа на минимум. Но, одговорните политичари можат да им пренесат на нивните граѓани дека тие се тука, дека се тие одговорни и дека ваквите ситуации и инциденти нема да бидат политички злоупотребени, каде што со злорадост ќе се констатира нешто, политички злоупотребени каде ќе се искористи првата можност да се каже дека институците не функционираат. Не затоа што не функционираат, напротив, и тоа како функционираат затоа што се присутни на секој дел од територијата, туку напротив да се каже дека не функционираат затоа што се посакува тоа.

Ете, тоа е она што и се прави на сопствената татковина, ете тоа е она што делумно во некои реченици можеме да го препознаеме. Дали се загрозени припадниците на МВР, да, затоа што станува збор за ризична професија, затоа што станува збор за ваков регион каков што зборуваме, затоа што станува збор за поширок регионален контекст за кој сме сите и тоа како свесни.

Дали е загрозен животот на министерката за внатрешни работи затоа што МВР се бори против корупцијата и криминалот? Да. Зошто? Затоа што ќе ви кажам зошто. Дали оваа гарнитура од МВР фати пратка на кокаин во вредност од 100 милиони евра? Да, таа пратка беше пресретната, таа пратка беше запленета и судски процесуирана. Дали во Колубија, Венецуела, Турција, Германија, Америка и било каде за 100 милиони евра може да му летне некому главата? Да и тоа како може некому да му летне главата.

Кои се цените? Дали во овој регион сеедно во Македонија, Албанија, Косово, Србија, Бугарија може за 3,4,5 илјади евра може да се најми платен убиец и тој да пука во некого и да му го одземе животот на обичен граѓанин? Да. Дали софистициран атентат може да се нарача за 50, 60, 100 илјади евра, да се нарачаат врвни луѓе кои ги познаваат тие работи, кои можат да загрозат нечиј живот? Да. Во Источна Европа и на Балканот за 60 до 100 илјади евра можат да се нарачаат такви луѓе кои ќе направат такви дела, а имаме пресретнување на канал во кој се пресретнале 100 милиони евра. Вие велите господине Игор Ивановски дека имало дојава. Дали имало и претходно дојави. Господине Игор Ивановски бидете реален и кажете дали некој ќе пушти 100 милиони евра на неиспробана рута? 100 милиони евра половина тон кокаин се пушта исклучиво на испробана рута во која претходно се пуштиле еден килограм, два килограми, пет килограми или 20 килограми кокаин. Не се пушта така половина тон кокаин. Зошто не се пушта? Затоа што имавме друг министер. Тогаш министер за полиција беше Љубомир Михајловски Џанго, а не Гордана Јанкулоска. Кога Гордана Јанкулоска беше министер за полицика таквиот транспорт беше пресретнат и запленет. Јас нема да навлегувам дали има или нема врска со тоа што Љубомир Михајловски Џанго поранешен директор на Царината и поранешен министер за полиција има врска со тоа што е адвокат на Станислава Чочоровска. Јас нема да навлегувам во тоа. Тоа треба да го утврди истрагата, но можам да констатирам дека оваа гарнитура во МВР пресече пратка од 100 милиони евра, можам да констатирам дека претходно никој туку така не пуштал пратки на непроверене рута. Значи, доаѓаме до тоа дека функционираат шверцерски канали во кои влогот не е само кокаинот, влогот се цигарите кои некој со години ги работи во Македонија, влогот се други акцизни стоки, влогот е шверцот на оружје кој гледаме дека е стопиран каде калашниковите се проценуваа и отуѓуваа од одбраната за 50 евра, а оклопни транспортери се отуѓуваа за 20 илјади евра. Тоа е тој неред за кој зборуваме и ред кој се воспоставува и ред кој очигледно некому не му одговара.

Дали во Македонија може да се случи она што го имавме 1992 година во организираната Италија која е членка на Европска унија со Фалконе и Борсалино? Да, може, затоа што македонските институции не сакаат вакви какви што се и во овој состав не сакаат да пактираат со криминалот, туку напротив сакаат да се соочат со него и сакаат да го искоренат. Токму затоа ги имаме ваквите инциденти и до колку македонската полиција беше безопасна, до колку го толерираше шверцот, до колку замижуваше пред транспортите на кокаин, до колку немаше контрола врз целата територија, тие немаше да пукаат, тие немаше да се чувствуваат загрозени. Тие дејствуваат вака токму затоа што се загрозени и ќе продолжат да бидат загрозени затоа што битката против корупцијата и битката против криминалот и шверцот и борбата против екстремизмот е предизвик на целото македонско општество, на сите граѓани Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и сите заедно и сите сплотени.

На крајот можам да кажам дека имаме сили кои се сили на модернизмот, сили на прогресот и сили кои сакаат да ја дестабилизираат гранидфата кон Косово, било која граница во овој регион, сили кои посакуваат дестабилизација на Балканот.

Се додека постојат структури на кои не им одговара Република Македонија да стане нормална држава, а знаеме што е нормална држава, тоа е ситуација која ќе ни се повторува и ќе имаме, за жал, вакви настани кои ќе сакаме да ги сведеме на минимум.

Но, крајно време е овие структури да ги напуштат идеите и методите на заглавување на Македонија, заглавување на Македонија каде ќе има порозни граници, заглавување на Македонија каде што таа ќе биде на 104 место според корупцијата, заглавување на Македонија каде што кој ќе биде главен во селото ќе биде некој кој ќе се заканува на институциите, а не легално избраните нивни претставници. Ете такво заглавување на Македонија гледаме наназад.

Уште еднаш, она што го имаме во нашите институции, она што го имаме како поуки на македонските граѓани од изминатата деценија говори кон тоа дека македонските граѓани сите заедно ќе препознаат што се сили на редот, сили на нормализацијата и сили на нередот и сили на дестабилизацијата, уште еднаш огромното мнозинство македонски граѓани им одговара да имаме стабилна и безбедна Република Македонија, затоа што само во стабилна и безбедна Република Македонија можеме да имаме инвестиции. Ако имаме инвестиции само така ќе ја намалуваме невработеноста и ќе го зголемуваме нискиот животен стандард за кој сме свесни дека постои, но никако поинаку не може да ги прескокнеме тие проблеми со дестабилизација и сеење на анахрони проекти. Анахрони проекти кои се прочитани и препознаени. Иднината е европска Македонија, иднината е во Македонија која ќе ги има институциите кои функционираат како што и сега функционира Министерството за внатрешни раоти, за жал вакви ситуации гледаме дека се случуваат, но тие се последица на нормализација на состојбите на Република Македонија. Дали некој можеби ќе сака уште повеќе да ја дестабилизира Македонија? Да. Можеби ќе се обиде некој уште повеќе да ја дестабилизира Македонија и уште посилно да удри по институциите, но одговорните политички партии и од позиција и од опозиција ќе им дадат полна поддршка на своите институции кога се тие загрозени и нивните припадници и убедливото доминантно место во нивните дискусии ќе биде осудата кон тие луѓе, апелите кон граѓаните на Македонија да бидат доволно мудри, а не да се користи првата ситуација за да се нападне институцијата со некои неосновани политикантски и дневно политички обвинувања.

Уште еднаш, ризиците постојат. Со ризиците заедно сите граѓани, сите политички субјекти треба да се соочиме, да ги сведеме на минимум, тие групи да бидат апсолутно изолирани, прочитани од локалното население, од сите граѓани на Република Македонија и да бидат прсретнати од ефикасните институции.

Јас се надевам дека тоа ќе биде сценариото, постојат многу различни сценарија, но сигурен сум и убеден сум дека ако имаме политички сенс ќе имаме ситуација која им одговара на сите граѓани, ќе повторам, зголемени инвестиции, олеснет визен режим од 1 јануари 2008 година, членство во НАТО и сето она што ќе следува со модернизмот.

Уште еднаш предизвиците ќе бидат тука, но со мудрост, со сплотеност, политичка, етничка, национална, институционална мислам дека ќе можеме да одговориме и на ваквите ситуации со кои некој упорно сака да не соочи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Имам евидентирано еден за реплика, тоа е колегата Игор Ивановски, повелете три минути.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе, сосема накусо инаку ќе зборувам подоцна,

Господин Ѓорчев, овие приказни кои вие ги искажавте, не се живее.Овие приказни кои вие ги искажавте, имаме само штета. Од овие приказни и ваквите научени на памет стихотворби во изминатите месец и половина двајца припадници на МВР загинаа.

Се до оној момент додека не ви стане јасно дека за држава да се води треба и знаење, треба и волја, треба и работа, ќе ја имате таа улога да ни рецитирате стихотворби додека надвор од ова Собрание каде вас ви е удобно и на вашите колеги некои наши припадници кои заработуваат ниска плата, гинат.

Она што вие пред малку го кажавте признавте дека не сте способни и немате моќ и капацитет да ја водите државата.

Бидеји ние говориме за Република Македонија на Балканскиот полуостров, а не говориме за Норвешка, на Скандинавскиот полуостров, тоа е многу сериозна разлика. Нема да навлегувам во вашите часови по географија со кои апсолутно покажувате дека немате ни елементарно чувство на сочувство и знаење на моментот. Додека вие овде ги зборувате овие ноторни глупости, во таа зацрнета куќа во Долно Лисиче некој плаче, како што тоа пред еден месе беше во Ваксинце, тоа е проблемот. Наместо да разговараме за тоа, вие овде правите обид, како што самите велите, да го минимизирате инцидентот.

Да ве потсетам господине Ѓорчев дека македонските граѓани, Европа и НАТо бараат да биде држава која знае и има капацитет да се справи со проблеми.

Да ве потсетам дека во 2001 година на вашиот министер зад вас, сега пратеник, му бегаа трактори и тогаш се смеевте. Да ве потсетам дека и Европската унија и НАТО и САД и сите наши партнери во 2001 година ни рекоа справете се со ситуацијата, решете го проблемот, ви даваме одврзани раце согласно вашиот Устав и законите, со вашите капацитети го решите проблемот во Танушевци. Сега го велат истото. Денеска од Брисел рекоа расчистете ја ситуацијата до крај, ни пратија порака и што гледаат? Гледаат министерка која молчи и чита весници, гледаат пратеничко мнозинство кое цинично се смее, гледаат портпарол на владеачкото мнозинство кој се обидува преку медиумите да зборува ноторни глупости. Епа, тоа не е одговор на држава која сака да биде претендент за ЕУ и НАТО, тоа не е одговор за нашите граѓани кои сакаат ова да не ни се случи, а не да ни се случува.

На крајот, преспаните излезете од филмот кој што го имавте во 2001 година на чело со Лубчо Георгиевски дека Македонија е дел на некакво светско сценарио конспиративно во кој што некој непријател сака да ни наштети. Имаме пријатели и ни велат работете си ја работата дома. Тоа е сериозната работа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Ивановски, мислам дека е срамно од она што се случи вчера вие да правите политика, да земате поени и да кажувате дека тоа не може да се случи дека ризиците можат да се сведат на мининум. Од заседа, каква што беше поставена ниту врвни армии и полиции не можат да го превенираат тоа. Значи, мислам дека е срамно ова што го правите.

Но од друга страна, нешто друго станува се по индикативно и се повеќе прочитано. А тоа е дека секогаш кога СДСМ е во опозиција, во Македонија се случуваат проблеми. Во Македонија се нападнати институциите, затоа што ова е напад врз институција. Институциите нема да се напаѓаат сами себе, затоа што вам не ви одговара да нема шверц во Македонија, да имаме разрешување на приватизацијата, да имаме борба против организираниот криминал и корупцијата, тоа не ви одговара.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Продолжуваме со расправа. Има збор пратеник господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да му дозволиме на колегата Ќуркчиев да зборува.

**Никола Ќуркчиев:** Ако сите уште еднаш прочитаме како гласи точката на дневен ред и видиме дека расправаме за информација за настанот во областа Танушевци и можни рефлекси на безбедносната ситуација во Република Македонија, навистина не ни требаат во овој момент такви дискусии, за тоа колку СДСМ или некоја друга политичка партија во овој момент може или не може да ја разреши ситуацијата за која што вечерва многумина говорници зборуваа дека е сериозна.

Почитувани клеги со внимание ги слушав досегашните дискутанти и лично сметам и длабоко сум убеден дека ова е тема, можеби една од ретките за која сите ние како пратеници немаме никакво право и не смееме да си дозволиме да бидеме поделени и суштински да се разликуваме. За жал, еве и пред малку видовме како многу пати до сега, како за некои други прашања, за кои што можеби е нормална работа да се разликуваме, да разменуваме можеби и остри тонови, меѓутоа, кога Собранието на Република Македонија дискутира за безбедносната ситуација во државата, преку дискусиите на пратениците не може да се гледа сериозна сегментација.

Мислам дека кога едни велат дека се комплицира состојбаа до тој степен да се критикува Владата, сакам од оваа говорница уште еднаш да го изразам моето сочувство до семејството Драганов, но почитувани колеги што и да зборуваме Игор Драганов, нема да го вратиме. Ако безбедноста е комплексен сегмент и основа за сите општествени процеси во државата, мислам дека ќе беше многу добро, доколку ги имавме предвид досегашните, особено досегашните, кога велам, мислам на случувањата во ваксинце, актуелните случувања кои што ги имаме во Танушевци и на тој план можеби некои други би рекол, случувања за кои што ние во Парламентот немаме доволни информации, или никакви, мислам дека е апсолутно во ред, ако ја изразиме нашата голема загриженост за безбедносната ситуација во Република Македонија. Меѓутоа, според мене поента или цел на денешната расправа во никој случај не смее да биде расправа без заклучоци. Да не ни се случи она што ни се случи пред некој ден и во Собранието на Република Македонија. Денес во законодавниот дом во државата не смееме и уште еднаш како многу пати до сега, како други прашања јавно повторно да се надмудруваме кој повеќе а кој помалку е за мир и безбедност, кој е повеќе а кој е помал патриот, или кој повеќе, а кој помалку работи во тој правец. Или пак можеби, кој ќе ја даде најточната дефиниција за безбедносната состојба во Република Македонија. За она што ни се случува во Република Македонија, ние пратениците имаме право да знаеме. Имаме право да ја знаеме вистината.

Почитувани колеги, мирот и безбедноста н смеат да имаат алтернативи. Немало до сега, не смее и од сега. Но навистина, дали безбедносната состојба е стабилна, или пак имаме тенденции на влошување, јас со некои колеги во досегашните дискусии ќе се согласам, со некои не, но навистина признавам дека не знам што значи тоа состојбата е непроменета. Тоа беше дефиницијата што ја дискутиравме ние неколку колеги надвор од оваа сала.

Почитувани колеги, во интерес на времето и со намера за објективен пристап кон темата, нема да коментирам ничија дискусија, меѓутоа, сакам да се задржам на неколку моменти, кои што ги сметам за значајни во оваа пригода. Мислам дека е добро да спомнам дека секоја безбедносна проценка, информација или пак токму можеби она што треба да биде дадена во Законодавниот дом на една држава, треба да содржи најмалку 5 елементи. Првиот елемент е безбедносните индикатори. Вториот елемент е преглед на манифестирани состојби и настани кои индицираат загрозување на безбедносната состојба во државата. Третата работа е пресек на активности на вооружени, или пак можеби криминално терористички групи. Четвртиот елемент е активности и мерки кои што се преземаат, или се презеле против нив и петтата работа е давање оценка за состојбите во регионот, кои имаат влијание на без бедноста.

Кога веќе дискутираме за безбедноста во државата, можеби навистина не можеме да се изолираме и од регионалните процеси кои што во овој случај можеби се и важни.

Почитувани колеги, сите велиме дека ова е сериозна тема, меѓутоа, мислам дека нема да се доведеме во ситуација, а работите одат во тој правец да се убедуваме како беше пред месец дена, пред неколку месеци, пред година, а можеби и две. Мислам дека фактите упатуваат на неспорен заклучок дека денес во споредба пред месец дена или неколку месеци состојбата во државата ни е променета. Само за месец дена имаме две жртви и неколку ранети припадници на безбедносните сили. Затоа, ценам дека сите со право сме вознемирени и загрижени до тој степен да отвориме сериозна расправа во ова Собрание. Меѓутоа, она што е најважно, и да не должам многу, е што после оваа расправа. Дали можеби сите 120 пратеници ќе земат збор и ќе дискутираат на темата. Ќе го кажат своето лично видување и мислење како тие ја гледаат и ја оценуваат безбедноснат состојба во Република Македонија. Тешко дека со таквите искажувања ќе ги подобрите состојбите. Но, многу е важно дали со нашите дискусии ќе манифестираме единствена безбедносна политика во Република Македонија. Најголема полза ќе биде ако ние излеземе после оваа расправа со единствени заклкучоци и навистина, ме изненадуваат и ме зачудува фактот што дел од парламентарното мнозинство, или поединци, се надевам дека тоа е така, кои што повторно се јавуваат дури и во медумите, да не речам на спектакуларен начин, повторно со навивачко инсистирање, зборуваат за некакво расчистување, истребување по секоја цена итн.

Ве молам, тие времиња поминаа. Дајте да бидеме разумни, дајте да бидеме паметни онака како што биле мудри сите генерации пред нас. Дајте вечерва после оваа расправа да излеземе со заеднички заклучоци. Да покажеме дека нема никаква разлика ниту помеѓу опозиција ниту помеѓу позиција во Македонскиот парламент. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас истовремено ја користам приликата да им се заблагодарам на претставниците на Министерство за внатрешни работи, да изразам сочувсство на ДПА, а на двајцата други припадници кои се на лекување, исто така им пожелувам што побрзо да оздрават и да се вратат на своите работни места.

Почитувани присутни ова е една тема вонредно чувствителна затоа и ќе се обидам да бидам директен, не алудирајќи ниту во еден момент да ги искривам фактите, или пак да присобереме некои политички поени. Наспроти тоа, ќе се обидам да судам право. Значи да се објасниме тука за работата која што ја врши Министерство за внатрешни работи, а исто така и за трагичниот настан. Јас ќе се обидам мојата дискусија да ја поделам на два дела.

Првиот дел, јас мислам дека ќе има една политичка порака. Сакам да констатирам од неодмерените активности на некого што можат да ја носат водата на туѓа воденица, јас ќе зборувам истовремено и за оперативата на ова Минстерство, кое што покажува ефикасност и што им помага на граѓаните и работата која што ја врши во пограничниот појас, што е исто така благородна работа на Министерство за внатрешни работи. Ние почитувани присутни, имавме еден собир во Тетово, собир кој што го насловивме независно Косово и Македонија во НАТО. Значи, беше еден собир кој што беше подржан од голем број граѓани и тоа се забележа со нивното присуство. Имаше некаде над 30 илјади Албанци во Македонија на плебисцитарен начин ја поддржаа независноста на Косово и Македонија во НАТО. Значи, тоа е еден настан кој што регионот во целост го бара да имаме вакви настани кои што водат кон стабилизација на регионот и настани кои што ги отвораат перспективите за овој регион. Значи, сите тие луѓе свесно се ингранираат, приклучуваат во вакви ситуации и на паушален начин ги напаѓаат сите оние луѓе кои што ги напаѓаат патролите. Министерство за внатрешни работи по автоматизам тие се подредуваат против овој процес кој е многу значаен за идните генерации кои што ќе дојдат после нас. Значи, многу е лесно почитувани присутни денеска да бидеш аргат на Путин, или аргат на Коштуница, кои што се експоненти, кои што сакаат да ги детерминираат случувањата во регионот, не во овој правец, туку напротив, сакаат во регионот да создадат ситуација која што не ги сака никој. Сакам да ги убедам граѓаните Албанци дека во ниту еден момент нема да бидеме против понатамошниот развиток на регионот. Само така и Македонија ќе биде многу брзо дел од НАТО, а исто така и Албанија и Косово. На крајот, ќе тргне по својот пат, значи, по патот на независноста. Значи, никој да не мисли дека продава демагогија, национална демагогија и да го искриви овој процес, кој што веќе тргнал по сопствениот пат.

Почитувани присутни, јас тука слободно можам да признаам дека од 2002 година наваму, албанското општество во Македонија беше многу криминализирано. Мојот народ навистина од 2002 година и наваму има поминато еден период кој што беше вонредо тежок. Период кој што не беше ниту најмалку соодветен и не се водеше на начин, ние како народ да се развиваме и да имаме целосна сигурност. За време на овие години студентот не можел да оди мирно на училиште. Ученикот во средно училиште не можел да биде мирен. Многу професори и учители во средните и основните училишта наидување на нивни соученици вооружени со револвери, со работи кои што не биле добри и кои не се воопшто добри да бидат дел од нас.

Значи, сме имале во сите институционални делови криминалност и не добри случувања за нас. Вие знаете дека од 2002 година наваму сме имале зголемување на насилието, сме имале ранување и убивања енигматично кои што ги преживеал албанскиот народ во Македонија. Ова го почувствувало секое албанско семејство, чувствувало несигурност за време на овие години. На неконтролиран начин и вонредно вознемирувачки начин на албанските семејства им се случуваше да имаат во раце оружје и можеа да располагаат со него.

Значи имаше една извонредно голема трговија од конфликтот наваму, каде што на посебно изразен начин албанското семејство во Македонија располагаше со оружје што се употребувше и злоупотребуваше. Никој од нас Албанците не сака да се случуваат вакви работи, како што се случуваа во скопските села, во Копаница, итн. Никој од нас не сака да се случуваат вакви работи како што се случуваат во скопското маало каде што беа убиени тројца млади. Меѓутоа на оваа дејност придонесувал некој и придонесот бил токму во она време и оној период кога Албанците располагаат со различно оружје и затоа што беше овозможено да се врши ваква трговија.

Затоа, јас како пратеник тука, во име на парламентарната група на ДПА, ги повикувам сите граѓани Албанци, сите семејства, сите албански семејства кои располагаат со нелегално оружје без друго да се предадат во институциите, да се предадат заради тоа што ние Албанците сега имаме институционални механизми, имаме полиција, имаме луѓе кои што се грижат за нашата сигурност, за сето она што ни се случува во оваа земја. Затоа, не е добро да имаме вакви работи и да се употребува оружјето на нерегуларен начин како што се употребувало некогаш или како што некој им го понудуваше да располагаат, и тие располагаат со тоа оружје. Меѓутоа, јас сум барал и секогаш ќе барам од Министерството за внатрешни работи, слободно можеме да кажеме, индексот на насилието и криминалноста кај албанскиот дел на оваа држава со стотици проценти е опаднат во албанскиот дел за време на едногодишната власт во која сме ние. Заради одговорноста која сме ја преземале, ние имаме голема сигурност, глобална сигурност на сите

простори, во сите средини и таму каде што живеат Албанците. А, во претходните 4 години сме имале нетранспарентни случки, многу негативни појави и операции кои ги изведувало Министерството за внатрешни работи биле непрофесионални и тие често пати завршувале со смрт на невини луѓе. Вие го знаете случајот на Ораховец, во Речица, во Жеровјане, го знаете случајот во Брест каде што имаше двајца млади погинати, едниот на 18, другиот на 19 години. За време на овие 4 години имавме една интервенција или операционализација многу неефикасна на Министерството за внатрешни работи, каде што епилогот беше многу болен за невините луѓе, за луѓето кои што воопшто не биле виновни и платиле со сопствениот живот.

Затоа, министерката за внатрешни работи со својата екипа треба да продолжи на поесенционален и позначаен начин да дејствува и на крајот никогаш да немеме вакви работи, со поголема ригорозност да се продолжи, луѓето кои поседуваат информации за оружје, за нелегално оружје да им се одземе оружјето што побрзо, заради тоа што човек кој што располага со нелегално оружје претставува опасност за другиот. Тоа е извонредно голема опасност за другиот човек и другите луѓе.

Што се однесува до пограничниот појас, што е појас многу широк и географски е доста тежок за контролирање и да се манипулира со операции, заради тоа што и самиот сум бил таму, сум го посетил неколку пати тој дел каде што има голем географски простор кој што има големи височини, граѓаните кои живеат во тој дел се добри граѓани, тие се благородни граѓани и тие не сакаат ништо повеќе отколку да им се уреди животот, да имаат добар живот таму. Исто така, имаме разни злонамерни луѓе кои сакаат секогаш да ги манипулираат тие граѓани. Постојат такви. Дури, често пати одат таму и рекламираат де Албанија треба да биде ваква, Албанија да биде таква. Напротив, јас се обидувам од тука да ги убедам тие луѓе и тие граѓани, како и сите граѓани на Македонија никогаш да не им веруваат на нивните празни зборови, заради тоа што тие што доаѓаат никогаш немале чисти идеи во нивните глави. Тие сега се инспирирани токму од она што го реков порано, од службите на Путин и Коштуница, во овие деликатни моменти да прават такви работи. Им гарантирам со голем процент, со висок процент дека ниту едно инситуционално дејствување во Република Македонија онолку колку што сме ние на власт нема да има против Албанците во Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика нема пријавени.

Госпоѓа Мирјана Секуловска не е присутна, па затоа збор му давам на господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Некој од пратениците на владеачкото мнозинство во дискусијата кажа во очај, во своја одбрана, затоа што очигледно поминаа деновите на ВМРО-ДПМНЕ кога беќе во опозиционен занес и кога постојано на пресконференции говореше се и сешто, а кога дојде на власт се гледа дека не знае да се справи, не знае да го одбрани, да го сочува основниот темел на државата, а тоа е безбедноста на државата, и тоа е поразително за ВМРО-ДПМНЕ и за оваа Влада. Се паѓа во вода, нивните скапи кампањи, нивните убави шарени ветувања кога ќе се изгуби нешто најдрагоцено, кога ќе се изгуби чувството на сигурност, на безбедност и уште потрагично, кога ќе се изгубат човечки животи на лица кои ја носат униформата на полицијата на Република Македонија, кои чесно си ја заработуваат својата скромна плата. Затоа, уште еднаш искрено соочуство и жалење за загубениот живот.

Она што го кажаа претставниците на ВМРО-ДПМНЕ е дека меѓудругото секогаш кога, замислете, СДСМ е во опозиција, се случувале вакви немили работи. Јас би рекол, да не е малку обратно работата, фактите друго говорат. Секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, изгледа ВМРО-ДПМНЕ премногу е оптоварен со СДСМ што кога му одговара не ја третира дури ни за оние работи кои се таканаречен според нив државен интерес како опозициона парламентарна партија, а кога не му одговара или кога му одговара во друга ситуација, тогаш се однесува исто како во моментот ВМРО-ДПМНЕ да е опозиција, а некој друг да е дежурен виновник. Господа, тоа покажува знак на слабост, недостаток на сигурност во себе да се носите со проблемите и одговорноста за водењето на државата, пред се за зачувување на безбедноста на државата.

Затоа, ќе ја прашам почитуваната министерка каде се сега нејзините принципи за доследна примена на Уставот и законите, ќе се надоврзам на целата територија на Република Македонија без исклучок. Каде е сега духот на правото и правната држава, затоа што кога во изминативе месеци се случуваа десетици негативни безбедносни индикатори, за кои Владата не извлече соодветни проценки, односно можеби сакаше тоа да го прикрие од јавноста или да ја залаже јавноста, кога се случуваа паролите за Република Илирида, кога се случуваа бегствата од македонските и косовските затвори, кога се случуваа кражби на експлозив во регионот, кога се заговараше за референдум јавно за одцепување на дел од територијата на Република Македонија, кога загина командир на полициска станица кај Матејче и кога министерката за внатрешни работи ни велеше дека тоа било најобична патрола на полицијата, а после тоа се испостави самата да се демантира дека била всушност планирана акција, меѓутоа, за жал, лошо планирана. Истото тоа сега го имаме за жал, и со Танушевци. И сега ни се објаснува дека едно било, се превртел џипот, па како се случиле повредите, загинувањето. Меѓутоа, дали ги задскривате клучните работи, чинот, актот на напад на безбедносни структури на Република Македонија. Сето друго, за жал, е последица. Што

превземавте вие за да спречите такво нешто, да не ги пуштите во таква патрола, доколку сте имале соодветни безбедносни проценки, луѓето таму попусто да бидат нападнати од заседа. Зошто не сте делувале превентивно. Зошто сте дозволиле да дојде тоа тоа. Сето тоа говори за пропусти во безбедносниот систем предизвикани од лошото кадровско политичко раководење и екипирање на Министерството за внатрешни работи.

Се говори за мотивот. Мотивот во оваа ситуација ќе се открие, кога тогаш ќе се открие, меѓутоа, нема да се врати човечкиот живот. Не си правите отстапница со тоа што сега ќе шпекулирме за мотивот, па ќе си наоѓате изговор во некакви криминални активности дали биле вакви или онакви. Па на сите во Република Македонија им е јасно. Не морате опозицијата да ја прашате. излезете и првиот граѓанин надвор од Парламентот, на улица, прашајте го кој се пресметува со калашникови и кој прави заседи. Дали тоа се мотиви за разноразни шверцери. Ако опстојувате на таа теза, имате уште полоша ситуација, за жал, затоа што испаѓа дека вие сте неспособни да се справите со шверцери? Затоа, внимавајте кога во име на Министерството ги објавувате официјалните ставови во врска со овој и претходните трагични настани.

Кога говоревме за Матејче, јас се обратив до министерката и реков по повод нејзиното експозе, дали тоа е читање на дневен извештај, полициски билтен или дали тоа е изјава на портпарол на Министерството за внатрешни работи, или една сериозна одговорна политичка фигура, личност која е носител на функцијата минстер за внатрашни работи. Така и денес, повторно ни читавте однапред подготвени соопштенија, како да се работи за најобичен банален настан и со тоа сакате да се омаловажи целата работа.

Пред малку во една реплика на колегата Николовски реков и ќе повторам, бидејќи ова се ситуации кога политичките партии во Република Македонија, она што постојано го повторувате, треба да и помогнат, да ја подржат Владата, бидејќи се работи за интересот на безбедноста на државата, тоа е реално приоритет државен и државен интерес. Зошто не ја говоревте вистината, зошто не дозволите да ви помогнеме политички. Наместо овде да ве критикуваме за лошо раководење со Министерството, за лоши организирани акции, за лоши безбедносни проценки, треба да се потпрете понекогаш и на добронамерноста на опозицијата за вакви работи. Кога реков, ќе повторам, некои команданти говореа дека Танушевци не го контролира полицијата, го контролираат некои други луѓе, кога во август имало пресметки, кога полицијата не можела, и било оновозможено да влезе, министерката на сите овие работи во јавноста изјавуваше дека Министерството за внатрешни работи ќе влегува на секоја педа на територијата на Република Македонија и дека полицијата постојано е на терен и ја контролира целата територија. За жал, не излезе така. И за жал, испаѓа дека некои странски држави имаат подобри информации од нашите државни органи за безбедносната ситуација и тука тие пропусти треба нашето Министерство сериозно да се замисли и да се загрижи.

Мислам дека неприфатливо е да се говори овде, како изговор да се користи дека  е нормално, се случувале, се случуваат и ќе се случуваат вакви инциденти. Која порака ја праќаме со тоа? Дека уште треба да гинат или ќе гинат припадници на безбедносните сили? Значи цело време говориме дека ефикасноста на секој безбедносен систем е да превенира нешто, да не се случи најлошото, а потоа ако евентуално дојде до такви ситуации кои би требало да бидат поретки, ефикасно да се откријат сторителите и да се казнат. Меѓутоа, во вакви ситуации кога имаме жртви од страна на полицијата, многу е помала утехата дека Министерството за внатрешни работи ќе открие некого кога полицаец загинал. Затоа велат дека секогаш е подобро да се спречи. На тој план нашето Министерство за внатрешни работи за жал, велиме дека е политички лошо раководено, дека проценките се лоши и како резултат на тоа се случуваат вакви немили инциденти.

Она што е посебно симтоматично, секогаш кога владеачката структура, владеачката партија ќе ја фати паника и ќе се најде во безизлес во вакви ситуации оди во две крајности, или некој друг е виновен, односно опозицијата, значи не може да се прифати одговорноста за водењето на државата, или пак како што реков пред малку се однесуваат одбранашки со правдање дека се случувле и ќе се случуваат вакви инциденти.

Тоа не е изговор, не е утеха, тоа не е доволно за да се извлечат поуки за во иднина. Затоа, треба за вакви клучни работи не да ја гледате опозицијата како непријател на позицијата, како противник, туку напротив како сојузник за да можеме да ви дадеме политичка поддршка за да вие имате подобри, помоќни позиции да се справувате како гарнитура која е на власт со вакви безбедносни проблеми. Значи, намерата е добронамерна, намерата е заедничкиот, повисокиот, државниот интерес. Затоа, уште еднаш ќе повторам треба да сте искрени и пред опозицијата и пред јавноста, затоа што не може да најдете излез од ваква ситуација кога ќе се заплеткате самите во сопствените изјави кои ги користите за дневно политичка употреба за да се релативизираат работите во јавноста, за да се ублажат состојбите пред граѓаните и сите ние да мислиме и да се однесуваме како ној со главата во песок. Тоа не е одговорно кон сопствените граѓани и кон сопствената држава.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Значи, ќе се обидам да започнам онаму каде што завршив кога реплицирав на колегата Николовски. И во своето интервју министерката Јанкуловска пред една недела за неделникот “Глобус” кажа дека инциденти е нормално да се случуваат,

бидејќи се случувале, се случуваат и ќе се случуваат. И тоа е алфа и омега, така ќе започнам и така ќе завршам. Бевте должни госпоѓо Јанкуловска да не дозволите да се повтори Ваксинце. Тоа беше ваша одговорност и тука нема дилеми.

Ќе се обидам многу накратко и бидејќи секогаш говорам со факти, ќе говорам што во последните два месеци пишуваа печатените медиуми и за што се говореше на електронските медиуми. Многу накратко. "Истрели кон полициската станица во Гошинце". 1 август 2007 година. "Синоќа се слушнале истрели кон полициската станица во Гошинце". 1 август 2007. "Синоќа се слушнале истрели кон полициската станица во Гошинце и експлозии на рачни бомби" во непосредна близина на станицата лоцирана на границата кон Косово. Официјално потврди полицијата. Притоа не соопшти други детали. 22 август 2007 година. "Џемаил Исени избега од Идризово". Една недела по легендарното бегство на седуммина затвореници од затворот "Дубрава" на косовска територија. Не е дома, но не е ниту во затворот Идризово веќе едно деноноќие Џемаил Исени кој себеси си се нарекува Џејми Шеј е во бегство. Затворската управа му дозволила вчера да дојде на погребот на својата мајка. Полицијата незнае каде е Џемаил Исени. 23 август 2007 година Министерството за внатрешни работи денес без конкретни сознанија за тоа каде е некогашниот командант Џејми Шеј, трагале по него. Не лоцирале и дали Лирим Јакупи и Рамадан Шити се во пограничниот дел на Македонија? 24 август 2007 година Џезаир Шакири, Танушевци да се припои кон Косово. Танушевци бара да се одвои од Македонија и да се припои кон Косово, за што се планира да се одржи и референдум од жителите на ова скопско планинско село, пишува "Факти" додаваат дека од Министерството за внатрешни работи ги отфрлиле изјавите за ситуацијата во Танушевци. Министерството за внатрешни работи утврдува зошто затворските чувари веднаш не ја известиле полицијата за бегството, туку тоа го сториле утредента, секако вели госпоѓата Јанкуловска, министер за внатрешни работи, оваа разлика во времето ќе биде предмет на дополнителна истрага. Натпис во врска со бегството од затвор на Џејми Шеј. 29 август 2007 година, Танушевци реална опасност, или кревање тензии. Натпис од господинот Лирим Дулови. Реална опасност, или кревање на тензијата? Која е вистината за безбедносната состојба во Танушевци. Оценките се различни, за владеачката партија Македонија е стабилна. Дури госпоѓата Бонева координатор на ВМРО-ДПМНЕ ќе изјави: сега засега мислам дека работите се под контрола и дека нема простор за вознемирување. 31 август 2007 година. Хоџа, полицијата се обиде да влезе во Танушевци. Имало, или не, судири меѓу полицијата и групата на Џезаир Шакири Хоџа во Танушевци? Шакири во кратка изјава за А-1 тврди дека полицијата се обидела да влезе во селото, но неговата група по кратка оружена пресметка го одбила нападот по што полицијата се повлекла. Од Министерството за внатрешни работи и од Владата остро демантираат и негираат дека постоело било каква акција во Танушевци, или пак дека постоел вооружен судир. По само 10 дена да ве потсетам на 10 септември убиен е командирот на полициската станица во Матејче, со краток натпис "Командирот на полициската станица во Матејче е убиен, а двајца полицајци се ранети во нападот на поициската контрола извршен синоќа околу два часот по полноќ кај складиштето на "Макпетрол" во близина на селото Ваксинце". Ова се инциденти кои беа придружувани, да се потсетиме, со безброј вооружени инциденти во Скопје, во Тетово и на други места.

Дозволете многу кратко да прочитам извадоци од интервјуто што новинарката Милка Смилевска го водела со министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска. Многу детално ќе можеме потоа да говориме за односот на министерката кон сите овие случувања.

Прво, во врска со прашањето дали е можно да се направи паралела на бегствата на затвореници од Косово и од Македонија? Министерската вели" неблагодарано е да се излегува во јавноста со непотврдени информации" Таа додава дека ова е сериозен индикатор кој тие со внимание го следеле.

Второ, на прашањата, дали некои од овие избегани затвореници се наоѓаат на територија на Македонија, министерката вели: сите информации кои доаѓаат до Министерството за внатрешни работи се проверуваат на оперативно ниво и согласно податоците во соработка со соодветните служби ние превземаме активности.

Трето, за заканите на командант Хоџа, Јанкуловска вели дека полицијата ќе влезе секаде, но каде што ќе има потреба да влезе. Претпоставувам каде што ќе нема, нема да влезе. Во основа вели Јанкуловска, ние не коментираме комунални и лични проблеми. Полицијата ги извршува задачите во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

Во врска со натписите за Република Илирида министерката вели дека Министерството за внатрешни работи ја следи таа состојба, меѓутоа во овој момент таа не е сериозен индикатор за некоја зголемена безбедносна опасност. Инаку, без гајле, со нејзината веќе прочуена изјава: Министерството за внатрешни работи секој настан внимателно го следи.

Почитувани колеги пратеници, во вака сериозно нарушена безбедносна состојба најмалку е битно дали и кој пратеник и припаѓа на било која политичка опција. Тука сме ние единствено повикани заедно да дадеме прилог во разрешувањето на таква безбедносна ситуација. Веќе нема простор, ниту време да бидеме комотни. Пред 45 дена дискутиравме речиси за ист настан, пред 45 дена ние како пратеничка група понудивме заклучоци кои заеднички ќе бидат примени од Собранието, а се однесуваат за случајот во Ваксинце кога повторно падна првата жртва припадник на Министерството за

внатрешни работи. Сметавме дека сериозно ќе може да делуваме доколку Собранието побара од министерската за внатрешни работи да понесе политичка одговорност. Предложивме Собранието да побара од Владата на Република Македонија да спроведе целосна истрага во врска со настанот и да лоцира одговорност. Исто така, побаравме Собранието да бара од Владата на Република Македонија внимателно да ја следи ситуацијата и еднаш неделно да ја информира јавноста за безбедносната ситуација во Република Македонија. Побаравме исто така од Владата да изготвува и еднаш месечно до Собранието да доставува анализа и безбедносна проценка по која ова Собрание релевантно ќе расправа и ќе носи соодветни заклучоци. Собранието на Република Македонија побаравме да му препорача на Советот за национална безбедност да одржи седница на која ќе биде актуелизирана актуелната безбедносна ситуација и ќе усвои препораки за идни активности во смисла на превенција. И она што е најважно. Сметавме дека како последна точка, заклучок од седницата одржана на 11 септември треба да биде во интерес на запознавање на јавноста на Република Македонија, ќе ја прочитам цела точка.

“Предложивме, имајќи ја предвид чувствителноста и значењето на моментот во кој се наоѓа Република Македонија, а во пресрет на очекуваната покана за членство во НАТО и изготвувањето на Извештајот на Европската комисија за прогресот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија да повика на целокупен партиски консензус и посветеност на стратешките приоритети на Република Македонија”.

Почитувани колеги, пред 45 дена понудивме комплетна соработка, бидејќи станува збор за сериозна ситуација, за одговорност и верувајте, одговорна опозиција имате од вашата десна страна. Доколку пред 45 дена се обидовме макар дел посериозно да му пристапиме на настанот во Ваксинце, убедена сум дека можеби немаше да се случи настанот во кој загина уште еден припадник на Министерството за внатрешни работи. И, ќе биде многу несериозно, многу неодговорно и многу нехумано кон сите припадници на Министерството за внатрешни работи денес повторно да завршиме само на дебата од која нема да бидат изгласани заклучоците кои пред 10-тина минути ги добивте, а ги нудуваме со целосен респект кон сериозната ситуација сите заедно да дадеме свој придонес за разрешувањето на оваа ситуација. И нормално е госпоѓата министер да поднесе политичка одговорност, како што и веќе реков. Политичките функции носат и политичка одговорност. За да не ни се случи, не дај Боже, во многу пократок временски период повторно не дај Боже да расправаме за сличен проблем. Ова е моментот кога полагаме сериозен испит на зрелост. Ова е моментот кога треба да ги заборавиме боите на нашите партиски книшки. Овде сме избрани и немаме само привилегии, напротив, имаме одговорност пред граѓаните на Република Македонија да го решиме овој проблем.

Затоа, ве повикувам без минута размислување, прочитајте ги понудените заклучоци, дајте еднаш со консензус и акламација да ги усвоиме, бидејќи безбедноста на Република Македонија е многу поважна од местото на Гордана Јанкуловска како министер за внатрешни работи. И, ќе завршам со дел од интервјуто на министерката каде што вели - рејтинг за резултатите од моето работење и за тоа како ја вршам функцијата, најдобра оценка даваат граѓаните. Станавме комплетни заложници на бројката наречена рејтинг. Исто како Владата на Република Македонија по примерот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, се се гледа преку процентот на рејтингот. Но, за жал фактите говорат нешто друго. Фактите говорат дека иако колегите од ЛДП пред 12 месеци пред Собранието побараа да расправаме за “Процес”, “Процес” се изгуби некаде во собраниските фиоки, завршница нема. Ова Собрание побаравме да говори и за случајот во “Тренд”. Завршница нема. Ова Собрание бараше да се говори и за инцидентот кога заменикот министер токму на госпоѓата Јанкуловска беше без реална работна задача присутен во Собранието, токму во време кога се случуваа инцидентите. Кој треба да понесе одговорност госпоѓо Јанкуловска за вашето евидентно неуспешно работење, кое резултираше за жал со губење на две човечки жртви, припадници на Министерството за внатрешни работи. Велите во интервјуто - непосредно пред да станам министер јас бев генерален секретар на ВМРО-ДПМНЕ, партија со 100 илјадно членство, а и Министерството за внатрешни работи е голема институција со речиси 13.000 вработени. Тие 13.000 вработени госпоѓо Јанкуловска се под ваша ингеренција и сите непријатни случки и инциденти кои ќе се случат околу овие 13.000 вработени, доблесно е да ги понесете вие, согласно Устав и согласно закон може да понесете политичка одговорност. Но, јас сум убедена дека многу подобро за Македонија е да се вратите на старата функција. Да ве изберат конечно за генерален секретар на најголемата партија ВМРО-ДПМНЕ, тогаш сум убедена дека наспроти партизацијата во која еден од вашите успеси во време додека сте министер на Министерството за внатрешни работи, во која претпоставувам дека успеавте да демонтирате и сериозно да го нарушите капацитетот на структурите изградувани со години и кога форсиравте дилетатизам и аматеризам, директни резултати се овие немили настани на тоа, ќе оставите простор на ваше место, бидејќи станува збор за многу сериозна функција, да дојде некој ефикасен професионалец кој ќе умее во вакви моменти, да се справи со сериозните ситуации. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Збор има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувана госпоѓице, госпоѓо по бон тонот министер, јас ќе ви се обраќам со министерке. Дали ќе дискутирам кратко или долго, може и да не дискутирам, меѓутоа од многу молчење Македонија плаче последниве 45 дена. Плачеше по Фатмир, плаче по Тоше, уште плаче, ќе плаче по Игор, не дај Боже да плаче по некој четврти или петти. Мислам дека крајно време е да почнеме трезвено да размислуваме и да се обидеме овие млади луѓе, синови, браќа, татковци, родители ги заштитиме, да ги заштитиме од нас самите. Ќе ви кажам зошто. Меѓутоа, пред да почнам да зборувам за овој денешен настан, за оваа седница каде што се обидуваме да дадеме одговори што тоа се случи и кои ќе бидат нашите понатамошни чекори, бидејќи колегата Ќуркчиев многу убаво рече. Што после оваа расправа? Ќе ве замолам уште еднаш да го погледнете писмото, ќе ви го дадам писмото од господинот Авни Алили, вработен како новинар во Швајцарија, кој што бара на седница за пратенички прашања, каде што јас не добивам можност да прашувам, да му одговорите точно што се случило вечерта, кој го убил братот, како и кој ја дал наредбата. Чисто како човек и граѓанин, на кој што овој исто граѓанин на Република Македонија се обратил. Би ве замолил, ќе ви го дадам и писмото за да директно му одговорите и по можност да го примите. Мислам дека тоа е и ваша обврска.

Ќе прочитам дел од стенографските белешки. Имено, не постојат утврдени индикатори за директна закана и посериозно нарушување на безбедноста, на стабилноста. Но, поради интензивираните активности на Министерството за внатрешни работи во сузбивање и попречување на недозволена трговија и шверц преку државната граница со Косово, повремено се присутни поединци и групи што се занимаваат со недозволена трговија и шверц, со акцизна стока и дрво, кои извршуваат насилнички напади во пограничниот регион. Искрено моја почитувана министерке, јас ви верувам, особено што знам дека директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање сега е во просториите на Македонската опера и балет и ја следи балетската претстава "Ремонда". Додека специјалците, претпоставувам бидејќи е смирена состојбата се вратени назад во касарните, каде што им е местото. И тоа е добро за Република Македонија.

Она за што јас сакам да зборувам, искрено од вас не барам политичка одговорност, затоа што вие во рамкитее на вашето министерување зборувам не ја вршите работата. Со една кратка реченица во рамките на Уставот и Законот вие секогаш одговарате, а всушност ништо не одговарате, меѓутоа во делот на политичките реформи во Министерството за внатрешни работи, претпоставувам, бидејки така сте оценети, добро работите.

Она што од вас го барам и сега и го барав и тогаш е занатската одговорност во Министерството за внатрешни работи, одговорноста што ја имаат вашите директори на службите. Јас најодговорно тврдам дека многу малку вакви немили настани ќе има, до колку Управата за безбедност и контраразузнавање и останатите структури и организациони облици во Министерството за внатрешни работи, и во другите разузнавачки служби се вршат работите онака како што треба. Јас сум сигурен дека македонската полиција со капацитетот и со квалитетот кој што го има до колку е потпомогната материјално и финансиски, за што вие треба да се погрижите како министер, со точни инфорамции од теренот, нема да дојде во можност во рутинска контрола да биде преретнувана и ние секогаш да губиме по еден или двајца полицајци.

Она за штојас сакам да разговарам и за што се противам на моите колеги од опозицијата, мислам имаме различно мислење, јас сметам дека нема потреба од заклучоци. Во Република Македонија има доволно институции кои што функционираат и треба да функционираат, спомнувајќи го тука Министерството каде што сте вие министер, Агенцијата за разузнавање, Управа за безбедност и контра разузнавање и военото разузнавање. Јас сум сигурен дека ако во Агенцијата за разузнавање, иако сега брокерот си отиде, со новиот директор сум сигурен дека поуспешно ќе работат, армоникашите од војното разузнавање и угостителите, од УБК се договорат и најдат модус и спорно кое што веќе постои како координатор на разузнавачките служби и ги разменат информациите и ги дадат на политичките структури, ние нема да имаме вакви настани.

Второ, Националниот сојуз за безбедносно функционирање, мене ме радува што премиерот Груевски со Претседателот Црвенковски воспоставија дирекна комуникација и разговаат за одредени пробелми. Она што мене исто така ме радува е денешниот разговор и средбата што ја имале Претседателот на државата и премиерот за нашите евроатлански напори и интеграции, за пробелмите што ги имаме.

Сакам да ви кажам дека јас со сите мои колеги, а и со граѓаните на Република Македонија заеднички ја споделуваме грижата и сметам дека оваа седница требаше да се одржи утре, затоа што после седница на пратенички прашања условно речено и покрај трагичните настани оваа седница била излишна и ние само се повторуваме.

Затоа сметам дека Министерството за внатрешни работи во оној сегмент за нашиот дел, каде што јас барам од вас, и сега и тогаш вие да разговарате со вашите директори, вашите подредени да си ја вршат работата онака како што треба. Нема да ви кажам за ситните сообраќајници какви се пропусти има во Скопје, затоа што сега малку посериозна е темата.

Она што е загрижувачки е што ние денес констатираме дека еден млад полицаец, припадник на безбедносните сили го загуби животот, имав прилика додека бев надвор да

гледам еден Дневник и испадна дека полицаецот за жал, за неговата загуба за животот со неговото семејство искрено сочувствувам оставил сопруга и дете кое за месец дена треба да дојде на свет и нема да го види неговиот татко. Јас и тогаш од вас побарав и сега барам вие како министер за внатрешни работи, а верувам дека имате сили и знаење за тоа да почнете да работите на одредени уредби со законска сила или закони каде што припадниците на безбедносните сили ќе бидат заштитени во вакви случаи односно до колку ги има ќе бидат заштитени.

Она што го рече еден мој колега, да гинат и на границата со Мексико и на границата со Шпанија, кога ги измеша поимите со Мароко и Шпанија, Гибралтар, меѓутоа во тие држави полицајците се заштитени максимално од моментот кога ќе го изгубат својот живот односно нивните семејства се заштитени. Затоа и сакам да го поздравам присуството на потпретседателот на Владата, господинот Ставревски и да му препорачам сега кога ќе расправаме за Буџетот, јас и минатата година имав неколку амандмани за подобрување на материјалната состојба од делот на платите, техничкото подобрување на полицијата, се до изградба на станови, во делот на Буџетот да се најдат малку повеќе пари за полицијата и безбедносните сили.

Второ, она за што ние перманентно расправаме од 2001 година, па и пред тоа ние имаме пробелми во регионот на Танушевци, Брест и Малино маало. Зошто? Зошто тие луѓе свртени кон шверц. Дали знаете дами и господо дека во тој дел државата остави еден период кога господинот Бучковски беше министер, направи еден пат и некоја струја пушташе, ние како држава, не да го фалам или да го кудам било кој министер за одбрана или за финансии, немаме ништо инвестирано. Тие луѓе реално таму без пат, без амбуланти, без училиште, без струја, што очекувате да работат. Затоа го имаме тој проблем.

Како се решава тој проблем.

Значи, првиот проблем е ние место економски мерки Владата да помогне на овој регион и

Второ, безбедносните сили да бидат подготвени материјално, фианнсиски и разузнавачки од страна на разузнавачките наши служби, кога ќе отидат на терен да не бидат непријатно изненадени. Има неколку територии каде тоа се случува и затоа јас вас бидејки искрено ве почитувам ќе ве замолам да давате поодредени изјави.

Искрено сакам да сметам дека ова е инцидент од таканаречена шверцерска природа, меѓутоа не би сакал за месец или два да се покаже дека ова е некој посебен инцидент без да обвинувам некого. Сметам дека најмалку опозицијата и позицијата во Република Македонија, најмалку политичките партии на Албанците, а уште помалку косовските Албанци имаат корист од ваков инцидент.

На крај да ви кажам една работа, Косово ќе си го добие статусот кој што го заслужува. Тоа не зависи ниту од нас, ниту од митингот на моите пријатели од ДПА, ниту од волјата на моите пријатели ДУИ или било кои. Таму одлучуваат малку порелевантни и појаки фактори, а дали дестабилизацијата на Македонија ќе зависи од Косово, ако Република Македонија и политичарите имаат реални параметри, што е национален интерес, имаат заедничка платформа како да дејствуваат, ако ги средиме разузнавачките и безбедносните сили, што и да се случи Република Македонија ќе биде и треба да биде стабилна држава. Затоа да не шпекулираме. Дали се овие или оние, дали случајно патролата налетала на Лирин Јакупи и Раман Јашити и уште некои други групации, дали налетала некоја друга група, дали налетала на шверцери со акцизна стока, или дрва, или цигари, за кои се тврди дека нема шверц во Република Македонија, а луѓе гинат за тој шверц, јас ви давам најдобронамерен и пријателски совет, несакајќи да правам политичка промоција и да собирам политички поени особено во ваква состојба и во ова време.

Треба сите заедно да се замислиме и да размислиме дека не сите предлози на опозицијата треба секогаш да се ставаат на нож, како што и не сите добри предлози на Владата треба анблок да се одбиваат од опозицијата.

Уште еднаш ќе повторам, проверете ја шумската куќа во реонот на Малино маало, и проверете ги поранешните кампоци каде во 2001 година се обучуваа косовските кобри и почнете да размислувате во насока треба заеднички позицијата и опозицијата и сите ние граѓани на Република Македонија да ја градиме безбедноста во Република Македонија, затоа што таа е во наш заеднички интерес. Благодарам.

**Бесим Догани**: Благодарам господине Рахиќ.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Веќе дискусијата е при крај и дозволете ми на самиот почеток како и многумина пратеници, скоро сите да изразам сочувство на семејството, иако знам дека на загинатиот припадник на полицијата, иако знам дека изразувањето на нашето сочувство, без разлика од колкав број на пратеници доаѓа нема ни малку да ја ублажи болката заради загубата што тие ја претрпеа во вчерашниот ден.

Исто така на самиот почеток почитувани колеги дозволете ми да изразам загриженост за сериозноста на безбедносната ситуација во Република Македонија и токму поради тоа очекував можеби нешто повеќе од оваа седница отколку говори кои што ќе завршат, како што и минатиот пат се случи без некој резултат односно без заклучоци.

Пред се очекував малку посериозен пристап од министерката за внатрешни работи токму поради тоа што кажав дека и самата ситуација налага да

бидеме поодговорни и посериозни. Воопшто ситуацијата во Република Македонија не е таква да можеме да си дозволиме да бидеме комотни, без разлика дали доаѓаме од парламентарното мнозинство и опозицијата. Се слушнаа искази дека сите имаме одговорност. Да, кога се работи за Република Македонија сите имаме одговорност, но сепак мораме да признаеме дека одговорноста на парламентарното мнозинство и оние кои што ја имаат власта е поголема. Токму поради тоа треба и соодветно да се однесуваат.

Очекував дека ќе слушнеме прецизна политичка проценка на ситуацијата од минситрката, но за жал добивме само еден технички извештај кој што можевме да го проследиме и од медиумите и во тој случај немаше да ни биде потребна оваа седница.

Ако се однесувавме посериозно и поодговорно во ситуациите кои што и до сега се случуваа во Република Македонија можеби немаше да дојде до овој настан, затоа што сите мора да признаеeме дека во рок од 40-тина дена да се случат два настани последователно, во кои што животот го губат припадници на полицијата навистина не може да се говори за случајност.

Требаше да се има на ум дека ситуацијата во Република Македонија е загрижувачка уште пред неколку месеци кога се опоменуваше дека кон границата на Косово се случуваат повеќе вооружени инциденти и дека кон границата на Косово се забележуваат голем број на вооружени лица кои што ја поминуваат границата, односно се движат од едната на другата страна.

Меѓутоа, очигледно е дека тогаш не се сваќаше многу сериозно целата работа, или пак изјавите на почитуваната министерка одеа во насока дека безбедносната ситуација во целата Република е стабилна и дека се постапува според Уставот и законите.

За жал почитувани коелги не се презедоа мерки ни после најавите кои се случија во мај месец. Настаните по хронолошки ред ни ги образложи пред малку колешката Весна Бендевска и јас не би сакала сите да ги повторувам во интерес на времето. Значи, во мај имавме полициска акција во две куќи во Танушевци, каде што беше запленето голем број на оружје и што е уште пострашно безбедносните сили односно полицијата беа испратени од таму со рафални истрели. И тогаш минситерката односно Министерството за внатрешни работи не обрна доволно внимание на овој настан.

Веднаш после тоа се случи исто така вооружен напад на полициска станица, август месец во селото Гошинце. И тој настан некако помина без соодветно внимание во Министерството за внатрешни работи, ниту пак сериозно беа сватени изјавите на Џезаир Шакири, поранешен пратеник дека има пукање помеѓу вооружени групи и припадници на полицијата во Танушевци односно во близина на Танушевци.

Министерството за внатрешни работи овие информации ги демантираше, меѓутоа медиумите добро ги набележаа и укажаа на тоа. За жал Министерството воопшто не обрна внимани на ова и се помина со еден демант наместо сериозно да се свати ситуацијата и да се преземат сериозните мерки.

Очекував дек аод оваа седница ќе извлечеме повеќе заклучоци и ќе придонесеме во голема мера да проговориме отворено, искрено што ни се случува во Република Македонија и што можеме ние како пратеници, како Парламент да направиме во таа насока за да придонесеме за подобрување на безбедносната ситуација.

За жал како и многупати до сега од одредени пратеници слушнавме само обвинувања за тоа кој го предизвикал инцидентот и кои се политичките мотиви за да дојде до таков инциднет.

Сметам почитувани колеги дека не треба да поминеме така лесно преку овој инцидент се со една единствена цел за во иднина да не ни се повторуваат вакви работи, затоа што апсолутно е небитно дали ние ќе дебатираме час, два или повеќе без да донесеме заклучоци и без некој да понесе политичка одговорност за ова што нис е случува.

Не значи, ова не сакам да биде сватено како интерпелација на министерката за внатрешни работи иако има доволно аргументи во нејзината досегашна работа и тоа да се побара, но напротив сакам да укажам на фактот дека до колку не се дебатира, до колку се дебатира без да се донесат одредени заклучоци нема да се постигне целта на денешната седница.

Почитувани колеги пратеници за жал не слушнавме од министерката колку овој инцидент влијае на понатамошната безбедносна состојба во Република Македонија, кои се нивните проценки и дали тие воопшто знаат што во моментов се случува во одредени региони во Република Македонија и дали полицијата има сознанија за она што многу често ни се укажува не само од медиумите, туку и од одредени релевантни фактори кои што ја познаваат ситуацијата во Република Македонија.

Во денешниот весник, поранешниот заменик директор во Агенцијата за разузнавање ќе каже, ќе укаже по втор пат за она што го кажа на 4 август дека на 4 август во Танушевци бил одржан состанок на неколку команданти на ОНА и дека била договорена акција во насока на финалниот статус на Косово.

Во истата таа изјава тој ќе изнесе информации за присуство на вооружени групи во Кумановски-Липковскиот регион за да констатира дека прикривањето на фактичката безбедносна сосотјба или носењето на погрешни безбедносни проценки само ја зајакнува терористичката структура. Ова го предупредува, како што смаиот кажува, со една единствена цел да не ни се повтори 2001 година. Токму поради тоа и Либерално-демократската партија побара проценка на самиот настан и на целокупната безбедносна ситуација во Република Македонија.

Јас не би сакала повеќе да должам, очекувам дека овој пат парламентарното мнозинство ќе покаже малку поголема сериозност и одговорност и ќе ги усвои заклучоците кои што се поделени пред малку, затоа што не гледам ништолошо во нив, ништо што би можело да биде на штета на Република Македонија, напротив сметам дека во голема мера дури и ќе придонесат да и помогнат на министерката за внатрешни работи, до колку не смета да си поднесе политичка одговорност и после овие два настани веднаш да си даде оставка ако смета да остане и понатаму на тоа место, со овие заклучоци ќе може да и се помогне во нејзиното понатамошно делување.

Единсвеното што може да не им се допадне на пратениците од парламентарното мнозинство тоа е одговорноста која што се бара од министерката на Министерството за внатрешни работи Гордана Јанкуловска за да понесе политичка одговорност. Друго се апсолутно, почнувајки од првиот заклучок каде што Собранието изразува загриженост за безбедносната ситуација во Република Македонија, што всушност и Собранието ја има оваа должност и според Уставот и до последниот 9-ти заклучок, каде што се вели дека имајки ја предвид чувствителноста и значењето на моментот во кој се наоѓа Република Македонија, се мисли на моментот во пресрет на евроатланските интеграции и исто така тука се зема предвид и Косовското прашање.

Собранието повикува на целокупен партиски консензус и посветеност на стратешките приоритети на Република Македонија. Апсолутно во ниту еден од овие девет заклучоци нема, освен ако се изземе барањето на политичка одговорност, ништо кое не би требало да не разединува, односно да не не обедини сите кои седиме во овие клупи и тоа ништо што не оди во насока на доброто на Република Македонија и за нејзините граѓани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Пред да почнам да зборувам би побарал должна почит, не кон мене лично или кон СДСМ, туку кон ситуацијата што се однесува пред се на министерката и останатите колеги, да барам на крајот да се обидеме да извлечеме некоја поука и да се обидеме, пред се она што е најбитно од самиот почеток на оваа седница, да донесеме некои заклучоци.

Дозволете на почетокот и јас лично да се придружам кон моите колеги од СДСМ и од опозицијата и да го изразам сочувството кон семејството на трагично загинатиот, да посакам брзо закрепнување на сите оние кои се, едниот во критична ситуација, другиот тешко повреден, другите повредени, едноставно да си посакаме дека ова е последната седница од овој тип.

На почетокот сакам да кажам дека СДСМ најмалку посакува седници од ваков карактер. СДСМ денес сакаше да разговараме за пратеничките прашања, утре да продолжиме да разговараме за законите од Европската унија и за НАТО, бидејќи моментот е критичен, па станува збор за овие два процеси, но за жал ситуацијата не го дозволува тоа.

Морам на почетокот да констатирам жалење најмалку за две работи.

Првата работа е што владеачкото мнозинство од самиот почеток се обиде да ја минимизира, релативизира и едноставно народски кажано да ја забошоти целата оваа расправа со пристапот дека од немукает мора да се разговара за ова, не баре мора и ништо повеќе со априори утврдени ставови кои за жал можевме да ги слушнеме и во кулуарите, зборувајте вие од опозицијата што сакате, предложете што сакате, ние нема да ви прифатиме. Тоа е лош пристап и говори за искреноста на вас од владеачкото мнозинство, а вие од Владата, како претставници, пред се министерката за внатрешни работи, го гледам и заменикот премиер за кој можеби е побитно да разговараме за одговорноста за една друга ситуација, а тоа е ТЕЦ Неготино, но за тоа понатаму, да го имате на ум, бидејќи ваква ситуација во најмала рака е недолична.

Втората работа, покрај желбата за минимизирање е што однапред покажувате сериозна доза на опасна, бидејќи веќе се губат човечки животи во континуитет, доза на арогантност и самобендисаност и самозаљубеност, дека до тој степен добро работите и дека за се што се случува во Македонија е виновен некој однадвор и тоа е дел од некакво светско сценарио, или дека тоа е дел од организирана ситуација внатре во државата. Двете работи не се точни, ниту она што ни се случи вчера во Танушевци, ниту она што ни се случи пред 45 дена во Ваксинце е резултат на наводен заговор надвор од границите на Македонија, ниту пак некои внатрешни најмалку политички сили го организираат ова за да и наштетат на Владата. Ве молам, престанете да користите детски небулозни и недоветни аргументи, бидејќи тоа нема да не доведе како држава никаде. Можеби вас ќе ве доведе до политичкиот пораз, ама верувајте не посакуваме политички пораз на вас, во ситуација кога државата сериозно ќе ни биде разрушена, разнишана, недај Боже растурена. И кога се обидувате преку маргинални не на ВМРО-ДПМНЕ туку на нашата коалиција, да пласирате апсурдни и срамни политички тези барајќи ја аналогијата на 2001 година и денес, дозволете да ви кажам каде сте во право и дел од тоа го кажав во една реплика. Идентична е ситуацијата со 2001 година само во еден момент, дека институциите на државата, согласно Уставот и законите не си ја работат својата работа. Како што и во 2001 година изолираните криминални, маргинални, мали, некаде увезени, некаде не, групации, банди или како ќе ги наречете ровареа, а во тоа време вашиот министер а сега пратеник се сликаше пред камерите кога му бегаа тракторите, или некој друг се обидуваше да направи некоја друга ситуација и да го релативизира, минимизира и ако може закопа проблемот, така ни се случува и

сега. Поминаа повеќе од, скоро ќе поминат 48 часа од вчерашниот инцидент, освен изнудената ваша изјава заради пратеничкото прашање, сеуште не можеме да констатираме дека има официјален став на МВР. Сеуште нема официјален став во кој вие госпоѓо министер ќе дадете, не техничка информација, не баре станува збор за црна хроника на некој од дневните весници, или МВР гутен како што ќе рече некој од колегите, туку да дадете сериозна политичко безбедносна информација и проценка, што ни се случи, што треба да се направи и што можеме да очекуваме. Ние денес не го слушнавме тоа од вас, денес тоа не го слушнавме од премиерот Груевски, денес не го слушнавме од ниту еден претставник на вашето владеачко мнозинство. Во овој момент можеме да констатираме дека Владата на Република Македонија и најбитниот орган МВР, не знае што се случува во Танушевци, исто како што целосно до крај не ја расчисти работата за Ваксинце, не знаеме што ќе превземе МВР и не знаеме што можеме да очекуваме.

За жал, она што го зборувавме на 11 септември, во 99,9% е идентично со тоа што ни се случува денес и затоа на крај кога ќе говорам, ќе видите дека заклучоците во 99% се идентични, бидејќи за жал само во една работа сте во право. Кога велите дека нема промена во безбедносната ситуација, грешите и сериозно грешите. Но, во право сте во една работа дека нема промена во вашиот пристап кон безбедносната ситуација, лично како минситер, како претставник на Владата, генерално како Влада.

Во изминатите неколку часа, иако тоа е исклучително мал дел за расправа, можевме да донесеме неколку заклучоци што вие мислам дека дури не ги перцепирате, иако се добронамерни, како што е идејата на СДСМ од самиот почеток и на опозицијата, добронамерна. Останувате закопани во ровот на арогантноста. Веројатно зад таа маска ја криете неспособноста да дадете одговор на оваа ситуација и мислите дека со игнорирање на проблемот тој ќе се разреши.

Госпоѓо министер јас очекував дека вие денес кога ќе давате очекувана сериозна политичко безбедносна ситуација ќе излезете и ќе кажете, дали се работи за редовна патрола или не, дали се работи за борба против криминалот или не, зошто овие тројца припадници на МВР се возеа на исклучително ризично место со обичен џип Лентровер, а кога денес после инцидентот претставниците на медиумите и истражните екипи на МВР отидоа на лице место, тие се возеа во блиндирани возила. Зошто ако знаеме дека пред месец и 15 дена ни се случи таков инцидент во Ваксинце, на неколку километри, 10-15 км. од ова место, кога знаеме дека Македонија е на Балканот и граничи со Косово во својата северна граница, нашите припадници на граничната патрола се движат во обичен необезбеден џип, сами, без сериозни и издржани разузнавачки информации, без поддршка и без јасна цел и концепт, за да сите оние кои сега треба да ја санираат од технички аспект ситуацијата, се возат со блиндирани возила. Нели извлековте поука кога на истото ова место седевме пред еден месец и 15 дена, кога на истите овие места, седишта, седевме ние како пратеници и добронамерно говоревме за оваа ситуација. Очигледно не. Мислам дека не сакате и немате волја да слушате и да ги промените овие работи.

Очекував, госпоѓо министер во духот на т.н. транспарентност на Владата, вие да го посетите местото на несреќата и инцидентот, како што имавте прилика за многу понебитни работи, апсурдни работи да се појавувате и да се сликате, денес да отидете таму и да видите сами. Очекував тоа да го стори премиерот, бидејќи трча да се појави за разно разни протоколарни и небитни ситуации, ама таму кога се губи животот никој од вас нема. Тоа е сериозен проблем. Како што не отидовте да видите на лице место, да им дозволите на медиумите да снимаат, туку им ги пуштивте или некој им “дозволи” на Алфите да го тепаат камерманот, како што не отидовте да ја посетите фамилијата каде што обезбедувањето на ДПА и синот на Мендух Тачи влезе и ги претепа, така и овој пат не отидовте да ја посетите фамилијата во Горно Лисиче, да отидете на лице место и да видите што ни се случува. Тоа е непринцпиелен и несериозен однос и покажува за двојните аршини, покажува госпоѓо министер дека, претпоставувам многу долго и тука не можам да ви оспорам, сте се подготвувале да го дадете ова интервју на четири страни во “Глобус” или на некое друго место и во него да изнесете, во 98% политички констатации кои се однесуваат на една политичка партија, ама не и да дадете сериозна политичко безбедносна оценка за ситуацијата и што во овој момент правите. Знаете што е проблемот? Кога во една држава министерката за внатрешни работи ќе троши најмногу од своето време енергија, ресурси на давање на интервјуа политички, по малку ќе се осврнува на безбедносната ситуација, имаме проблем. Кога во држава ќе постојат такви игри во владината коалиција во која ќе биде побитно дали вие ќе превенирате или ќе се спасите од наводна интерпелација која треба да ви ја поднесе ДПА, вие не се грижите и не ве интересира дали некој може да загине. Знаете кога може да ни се случат и за жал ни се случуваат такви работи, кога заменикот министер за внатрешни работи вие не го контролирате, не знаете каде е тој преку денот и пред очите на целата македонска јавност доаѓа во ходниците и ги шутира пратениците, наместо да си ја врши својата работа. Тогаш имаме проблем во безбедносниот сектор, тогаш нашите полицајци, нашите униформирани лица се потенцијални, а некои и фактички глинени голуби.

Кога се возите вие со блиндирано возило и со Ескорт напред и позади е лесно, ама кога ќе пратите тројца со обичен Лендровер во најкритичното место во овој момент во Република Македонија, а тоа го знаат веќе сите, малите деца. На гугол да го отворите, на сајтот ќе го видите сателитски како е снимано, тогаш луѓе

гинат. Кога трошите пари на реклами, а нема за опрема на другите, кога трошите пари на портпаролите и ги унапредувате во МВР и во Владата, да се занимаваат со опозицијата и да пишуваат соопштенија за кои слушнавме, наместо да инвестирате во разузнавачката структура и во соодветната информација за тие луѓе, тогаш луѓе гинат. Тоа е госпоѓо министер многу сериозна работа. Во држава кога еден портпарол на Влада кој дефакто е унапреден на министерско место или еден портпарол на МВР кој се појавува на телевизија повеќе отколку презентерите на вестите и кој има плата колку пет припадници на МВР кои одат таму горе, тогаш имаме сериозен проблем и вие во овој момент на тоа само цинично се смеете. Тогаш проблемот е огромен. Тогаш проблемот е катастрофален и тогаш имаме сериозен проблем.

Кога во МВР главната битка е кој во овој момент да се позиционира пред евентуалниот почеток на новиот закон за полиција за да стане началник или директор на управа и за тоа постои сериозна битка помеѓу вас внатре во ВМРО, постои сериозна битка помеѓи коалиционите партнери, никој не мисли за полицајците, никој не мисли за ситуацијата на теренот. Сите мислат само за кариерата, за функциите и за пијарот. Таму одат сите пари наместо да одат таму каде што им е местото, каде што една сериозна и паметна држава ќе превенира и ќе ги искористи сите расположиви мерки, оперативни, политички пред се, за работите да не ни се случат.

Јас сега знам дека во овој момент што ние и да кажеме животот на Игор нема да се врати, исто како што никој денес не го спомна животот на командирот од полициската станица во Ваксинце. Тие животи никој нема да ги врати и мислам дека треба да имате минимум доблест и да го чувствувате тоа емотивно за дефинитивно нешто да промените, бидејќи ако продолжите вака само ќе констатираме дека, недај Боже на повеќе. На еден месец ние ќе се среќаваме, ќе ве измачиме, гледам дека ви е многу незгодно што ве држиме до 24 часот денес во Собранието, за да си ги кажеме работите, работата апсолутно нема да се промени.

Во 2001 година, Македонија пропушти сериозно да одговори на инциденти од сличен тип. Истото ни се повторува и денес.

Брисел излегува со политики констатации и барања, обврзан е во македонската Влада која што како најтранспарентна Влада ни е турната во глувчешка дупка, молчи, сите од ред молчите, оние кои што сте најтранспарентни, ги туркате микрофоните и камерите, за сите работи. Со тоа ја демонстрирате вашата немоќ, неспособност и немање, претпоставувам, политичка волја за разрешување на ситуацијата. Јас не сум човек, ниту пак мислам дека некој треба да верува во судбина, ама како што тргнале работите ќе почнувам да верувам во неслучајни коинциденции, не да се обидувате да ги извртувате тезите дека СДСМ кога е во опозиција има проблем, тоа е тешка глупост во која мислам ни самите не верувате, туку да се запрашате зошто секогаш истата коалиција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, кога е на власт, таму се полугите на моќта, ни се случуваат вакви проблеми. Ни се случува дефинитивно занемарување и игнорирање на меѓуетничките проблеми, однесување, небарем проблемите не постојат и некој од надвор треба да ни ги реши и тие кулминираат до оној степен до кој сега немаме само политички жртви, или, се извинувам, во овој момент нема политички жртви, има човечки жртви и на вас ви е нелагодно, воопшто некој во оваа сала да проговори за вашата одговорност, а ќе изјавите во интервјуто дека со вас и со оваа Влада вие работите по други принципи. Сега го инсталиравте принципот на одговорност. Јас да сум на ваше место, зна да минимум спијам вечерва мирно, е ја понесам одговорноста и ќе си поднесам оставка, заради вашата партија, заради оваа Влада во која вие сте член и заради државата во која ќе речете дека некој мора да ја сноси одговорноста и на тој начин ќе покажете дека политичката жртва заради човечките жртви, мора да биде ситуација заради која не смее да има дилема, а не да се обидувате и да ги сплинувате работите небаре успехот за вас ќе биде како да го преживеете денот. Додека вие се обидувате како да ги преживеете деновите од корупцијата и од неспособноста за овие работи, тие фамилии немаат веќе денови за преживување. Некои луѓе ги изгубиле шансите да бидат живи. Многу е сериозна работата и ве молам престанете со флоскулите од типот безбедносни индикатори, криењет зад плаштот на другите институции и ако немате и немате дефинитивно, и за жал за тоа говорат и фактите, понесете си ја одговорноста бидејќи дефинитивно оваа работа мора да престане.

Јас се плашам дека конфликтите кои ви се на лична основа и се од типот како ќе се спаси Елмази од нешто што не се спасува, како ќе се спаси Гордана Јанкулоска од нешто што не се спасува, како ќе се спаси Зоран Ставрески сега од ТЕЦ Неготино, или ред останати, ви се побитни и дека во таа ситуација 1% не мислите на она што претставува државен интерес. Тоа е сериозен проблем. Вие во текот на денот се однесувате и мислите како да го купите и како да го продадете денот, да останете на позициите, да заборавите на се што претставува државен интерес, без да објасните како ќе ја понесете одговорноста која казната, која веќе ни е стигната преку човечките жртви и откако ќе ни стигне преку Извештајот на Европската комисија, за неколку дена и тогаш вие ќе се обидете апсолутно да речете ова не е направено.

Она кое и јас жалам што не се случи кога говорите дека денеска требаше да имаме затворена седница со сериозна анализа, мислам дека се додека вие го водите ресорот или додека генерално како систем се однесувате за ваква крупна работа на ваков начин, ние нема да можеме да разговараме поинаку од она на кое разговаравме денеска. Бидејќи не се ни обидовте

да дадете два напишани реда во кои вие како министер сеуште ќе дадете конкретен одговор и барем ќе понудите минимум план како да се излезе од оваа ситуација.

СДСМ, реков на почетокот, воопшто не е среќен и задоволен што денеска ја имавме оваа седница. Дај боже да е последна од овој тип. Токму за тоа на 11 септември предложивме тогаш 8, сега 9 заклучоци во кои, во интерес на јавноста, пред се на вас, бидејќи знам дека ги имате пред вас, но се обидувате да ги игнорирате, ќе ги парафразирам.

Во првиот заклучок бараме Собранието да изрази жалење и загриженост за последниот вооружен инцидент и да побараме Владата и надлежните институции да преземат итни активности за целосно расчистување на истиот. Тоа треба да го направите и сами по словото на Уставот и законите. Но, сметаме дека Собранието треба да инсистира на тоа.

Господо министер, она за кое сите велат е најголем проблем кај вас или во ВМРО, сеедно, ова Собрание сметаме дека треба да констатира дека вие треба да понесете политичка одговорност, имајќи во предвид дека по втор пат ни се случува ваков инцидент, дека и во меѓувреме ни се случуваа други инциденти, дека ни се случуваат на иста територија за неполни 45 дена. Апсолутно нема друга ситуација или еден од елементите 2% од целиот проблем е вие да понесете политичка одговорност.

Дополнително бараме да се преземе целосна истрага во останатите сектори во Министерството за внатрешни работи за да конечно знаеме со чиј потпис, со чија уредба, со чија наредба се праќаат тие млади полицајци од 24-25 години да патролираат како потенцијални глинени гулаби.

Бараме Собранието да ја задолжи Владата да утврди план со конкретни и временски прецизирании активности за превенција од нарушување на безбедносната состојба во Република Македонија. Паметна држава инвестира во превенцијата. Несериозна и неодговорна власт се обидува да ги маргинализира и игнорира проблемите. За жал, тоа ни се случува во моментот.

Бараме Собранието да ја задолжи Владата внимателно да ја следи ситуацијата, за разлика од до сега и еднаш неделно да ја информира јавноста за безбедносната ситуација во Република Македонија, а во насока на континуирано и објективно информирање на граѓаните и избегнување на шпекулациите.

Господо министер нам не ни е потребен порпарол на Министерство за внатрешни работи кој три пати во денот ќе излегува за тоа на кого сте му поднеле кривична пријава и каде ги упатил камерите да се снимаат спектакуларните апсења.

Бараме Министерство за внатрешни работи целосно и соодветно да ја информира јавноста за да ги превенира шпекулациите кои гледаме и денеска имаат доминантен дел во целокупната расправа.

Бараме Собранието да побара од Владата да изготви на месечна основа, нема премногу да ве замараме, туку на месечна основа да доставувате до Собранието анализа и безбедносна процена по која ќе се расправа и ќе се носат соодветни залучоци.

Бараме Собранието да препорача на Советот, бидејќи не е во наша надлежност да го задолжи, но да препорача Советот за национална безбедност да одржи седница на која ќе се анализира актуелната безбедносна ситуација и ќе се усвојат препораки за идните активности. Констатирајќи дека безбедноста е нарушена, бараме Министерство за внатрешни работи да функционира и да постапува единствено согласно Уставот и законите. Претпоставувам барем на зборови тука со вас ќе се согласиме и ќе се најдеме.

На крај, за да ги заборавиме сите евтини обиди ова да го прикажат како наводен обид за политичко профитирање, однапред ви кажуваме дека ниту имаме намера, ниту можеме, ниту сакаме било која политичка партија, а почнуваме од СДСМ да профитира од оваа ситуација.

Токму за тоа, на крај во предлог заклучоците бараме дека, имајќи ја во предвид чувствителноста и значењето на моментот во кој се наоѓа Република Македонија, а во пресрет на очекуваната покана за членство во НАТО, изготвувањето на извештајот на Европската комисија, ако тој не е веќе затворен, и завршната фаза од решавањето на косовското прашање, Собранието на Република Македонија да повика на целокупен партиски консензус и посветеност на стратешките приоритети на Република Македонија.

Стратешки приоритет на Република Македонија е да имаме безбедност, стратешки приоритет е граѓаните да се чувствуваат безбедни, стратешки приоритет е пред нашите партнери во Европската унија и НАТО да покажеме дека Македонија е генератор на мир и стабилност, а не е генератор на внатрешна криза, не е генератор на конфликти и генератор на инциденти и дека во Македонија има институции кои можат да си ја завршат работата.

По целата оваа работа под број 1, ние сме мониторирани, вие повеќе, но и сите ние од граѓаните. Ако тоа не го сфатите, вие сте ја утнале работата и, за жал, ќе ни се случуваат вакви работи.

Но, што побрзо добронамерно ги прифатите овие заклучоци, можеме да спасиме дел од ситуацијата. Во спротивно, се плашиме и изразуваме сериозна загриженост дека ваквите инциденти можат многу лесно кога нема санкции, кога нема виновници, кога поминуваат лесно и едноставно и на крајот завршуваат со човечки животи и да ни се повторат.

Не сакаме да веруваме во тоа, како партија ви ја нудиме нашата помош и поддршка, доколку сериозно сакате истата да ја примите, доколку истата сакате сериозно да ја употребите. Ние и во

месец септември 2006 година и во месец септември 2007 година и денеска, за жал, повторно по истиот повод ги повторуваме истите работи, се надеваме дека ќе бидете подоблесни, пореални и поконструктивни и дека не во името на СДСМ, или ако сакате во името на вашата партија, но најмногу во името на Македонија да го прифатите она што го предлагаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Господинот Павле Трјанов се јави за реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Накусо сакам да реплицирам на пратеникот Игор Ивановски.

Прво, мислам дека кога сакаме да водиме една отворена, квалитетна расправа, тогаш требаше да прифатите тоа што го предложив. Да имаме информации и од другите надлежни институции кои одговараат за сотојбите во државата сврзани пред се со безбедноста.

Или, тоа што вие го предложивте, требаше обратно да биде. Прво, Советот за безбедност на Република Македонија да расправа и тој има уставна обврска да предлага одредени заклучоци до Владата до Парламентот, а не ние да му предлагаме тој да заседава и да расправа.

Значи, ни недостасуваат многу аргументи и информации за да изградиме една правилна оценка за состојбите во Република Македонија.

Понатаму, тврдите дека состојбата е нарушена, тоа го тврдеа и други пратеници, дека има криминални или паравоени формации и не знам какви во Бродец, во околината на Шар планина, па Танушевци, тиковскиот регион итн., но не предложивте и во заклучоците не гледам како да се справиме со овие криминални или вооружени формации.

Јас имав намера повеќе да зборувам, но еве само куса реплика, значи што предлагав?

Прво, изолација на овие групи, доколку се присутни, според вашите проценки од страна на граѓаните.

Второ, осуда од сите политички партии, значи осуда од партиите и делување на политичките партии на терен граѓаните да не им даваат гостопримство на овие криминални групации, бидејќи тие се против нивните интереси.

Мислам дека треба да кажеме Министерство за внатрешни работи заедно во соработка со другите служби, но и соработка со Армијата на Република Македонија, бидејќи вооружените сили го штитат територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија. Јас не слушнав што треба ние да правиме. Не слушнав ниту еден предлог како треба да делува Министерство за внатрешни работи во иднина. Дури тоа го нема во заклучоците. Ако е расправата само да расправаме, да дискутираме, да се случи истото како минатиот пат, мислам дека сме на погрешна насока.

На крај само околу тоа 1999 година Министерство за внатрешни работи функционираше, имаше успешни операции така што оставете го тракторот или за тоа што вие мене ме обвинувате и инсистирате, како треба да постапи полицијата ако сака да застане трактор, а тој што го вози побегнал. Треба да го ликвидира? Тоа предлагате? Кажете што предлагате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Контра реплика од една минута има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Мислам дека ситуацијата е пресериозна за да влегуваме во јалова дебата со вас. Искрено кажано мислам дека нека ви служи на чест што одбравте да бидете оној играч на ВМРО ДПМНЕ кој ги соопштува работите кои никој од другите не сака да ги каже. Но, тоа е ваша лична одлука.

Дозволете господине Павле Трајанов, да ве прашам колку жртви во Република Македонија треба да паднат за да конечно некој си ја врши својата работа. Тоа што вие говорите е само купување на време и форма, па Министерство за внатрешни работи по службена должност мора да ги има сите информации од останатите соодветни безбедносни институции. Ги немаа до сега? Тоа сакате да кажете? Значи, не функционираат комуникациите, туку не ги побарале.

На крајот на краиштата се е тука јасно кажано што треба да направи Министерство за внатрешни работи, конечно да почне да работи по Уставот, да почне да работи по Законот и да почне да работи по протоколите, но со волја и со сериозна желба која што важи и ќе важи во Министерство за внатрешни работи кои до сега ги решавале проблемите сега само ќе се случуваат жртви. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пратениците Јани Макрадули, Владо Бучковски, Оливер Спасовски, Весна Бендевска, Кире Гештаковски, Андреј Жерновски, Никола Ќуркчиев, Игор Ивановски, Илинка Митрева поднесоа предлог на заклучоци кои ви се поделени.

Предложените заклучоци ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложените заклучоци гласаа 65 пратеници од нив, 16 гласаа за, 2 воздржани, против 47.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 77-та седница на Собранието на Република Македонија.

Исто така ве информирам дека утре во 11,00 часот продолжуваме со 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 22,50 часот)